# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Петтото продолжение на Педесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 23 октомври 2000 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1 со почеток во 12,10 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше господин Томислав Стојановски, потпретседател на Собранието.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, продолжуваме со работа по Педесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија.

Ве молам да притиснете на едно од копчињата на системот за гласање, за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Констатирам дека се исполнети условите за работа, со тоа што има присутни 77 пратеници во салата.

Пратениците Ванчо Георгиев, Данило Глигороски, Илјаз Халими, Чедомир Краљевски, Наталија Марковиќ - Димова, Љубомир Поповски и г. Саво Климовски ме известија дека од оправдани причини не можат да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме по утврдениот редослед на говорници.

Господинот Филип Петровски бара збор процедурално.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Потпретседателе, ако се сеќавате пред две недели кога ја започнавме седницата предложив точките два и три, Законот за залог на подвижни предмети и права и Законот за договор на хипотека да ги ставиме како први точки, затоа што претпоставував дека расправата на седницата ќе се усложни, така што ќе ги пробиеме роковите што ги имаме како држава. Тогаш, џентлменски се договоривме и се повикувам на тој договор со г. Никола Поповски, координатор на пратеничката група на СДСМ, дека, доколку дојдеме во тесно со роковите ќе ги ставиме тие две точки и ќе ги разгледаме, ќе ги апсолвираме, па потоа ќе продолжиме со расправата.

Бидејќи расправата по првата точка се уште не е завршена, не се гледа крајот, јас мислам дека би можеле сега да направиме една мала рокада, да ги разгледаме овие две точки, да ги апсолвираме, па после да продолжиме со расправата, доколку останува до тоа што сме се договориле пред две недели.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ова е упатено до господинот Никола Поповски, беше така, така е договорено.

Господине Поповски, ова е директно упатено до вас.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Тоа е договорено на координација и не гледам проблем да работиме по овие две точки прво.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Во овој случај, штом го почитуваме договорот, го известувам претставникот на Владата, дозволете (реакции во салата во смисла на тоа дека треба да бидат присутни) дали ќе дојдат на ред, дали сега како минатиот пат цел ден без ова, значи, ќе му дадеме можност сега да говори првиот говорник што е на ред, а штом ќе дојде претставникот на Владата, ќе продолжиме по тие две точки.

Процедурално збор побара господинот Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Господине потпретседателе, почитувани пратеници, колеги, не се согласувам со исказот на потпретседателот во делот на оправдување на не присуството на претставници на Владата, кој кажа - да не седат бадијала тука.

Ние расправаме по многу значајна точка по која што точка има информација и Владата, изработена од МВР. Мислам дека беше повеќе од потребно претставник од Владата да биде континуирано присутен во расправата по оваа точка за која што две недели расправаме, затоа што, недвојбено се потврдува дека власта затајува во организирање на изборите или обезбедување на услови за непречено организирање на изборите.

Затоа ве молам да го повлечете вашиот збор и да обезбедите, водејќи ја понатаму седницата, присуство на претставник на Владата не само по точките за кои што се договоривме, туку и по оваа точка за која што расправаме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам, тоа е ваш предлог.

Продолжуваме со работа, а од стручните служби нека го известат

Министерството за финансии за предлогот по законите за залогата.

Господине Трајановски Коце, повелете.

**КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитуван господине јавен обвинител, почитувани дами и господа пратеници, мислам дека расправата по оваа точка веќе ја губи својата жештина и својата смисла и со цел да го оправдаме дигнитетот на Парламентот, ќе се обидам да говорам што пократко.

Пред се, изразувам жалење за трагичниот настан во с. Кондово, во кој животот го загуби еден граѓанин на Република Македонија. Исто така, изразувам жалење за повредениот во Охрид и останатите места. Покрај тоа, го осудувам чинот на собирањето на граѓани пред куќите на нашите колеги пратеници. Исто така, изразувам жалење за повредените во настаните при собирањето пред куќите на пратениците.

Одговорно тврдам дека ОК на Гази Баба нема организирано собирање на граѓани пред куќите на пратените, туку сметам јас лично, дека тоа е. можеби, нивно само организирање. Особено сметам дека ова организирање можеби настанало и поради времето, моментот во кој што колегите пратеници од ВМРО-ДПМНЕ поминаа во ВМРО-ВМРО. Тоа е времето кога се случува преминувањето. Тоа преминување се случи во предвечерието на локалните избори кога веќе практично и почнаа локалните избори и кога нашето членство и членството на другите партии е во секојдневна комуникација, секојдневно дружење. Еден ваков чин на отцепување на дел од пратениците од партијата, сигурно, вознемирувачки влијае на членовите на нашата партија.

Исто така, сакам да демантирам дека немало повредени при собирањето пред куќите на пратениците, особено во Гази Баба, бидејќи во Гази Баба имаше двајца повредени. Тоа се Петровски Сашо и Лакордов Стево, едниот со прострелна рана во подлактицата, а другиот со прострелна рана во над коленицата. Со тоа сакам да ги демантирам изјавите и во медиумите дадени по овој настан дека немало повредени при собирањето.

Би сакал, исто така да кажам дека вакви собирања имаше и пред куќата на градоначалникот на општина Илинден 2-3 месеци пред локалните избори кога пред куќата на нашиот градоначалник се собраа голем број на граѓани, протестираа во вечерните часови 2-3, а можеби повеќе часови и после тоа мирно се разотидоа. Тогаш таму немаше никакво пукање. Се прашувам, дали мораше при собирањето пред куќите на пратениците да има и пукање. Можеби можеше да помине и без жртви.

Што се однесува до локалните избори во општина Газа Баба, би сакал да ги кажам моите согледувања.

Пред се, би сакал да изразам благодарност на гласачите што искажаа доверба на нашиот кандидат за градоначалник, а воедно значи кон коалиција на ВМРО-ДПМНЕ, ДА и ДПА. Сметам дека нивната доверба ќе ја оправдаме во следниот 4-ри годишен период.

Општина Илинден, во општина Газа Баба, практично внатрешната општина се состои од општина Илинден, општина Петровец и матичната општина Гази Баба. Во општина Илинден со 12 населени места изборите поминаа без никакви инциденти. Тогаш и тука коалицијата за промени ВМРО -ДПМНЕ и ДА победија во првиот круг и добивме градоначалник. Со ова сакам да го демантирам кажувањето на еден од пратениците на опозицијата дека било мирно секаде онаму каде победила опозицијата. Ова е еден од фактите што сметам дека ќе го демантира таквото мислење.

Во општина Илинден, кажав во еден од моите претходни говори дека опозицијата кампањата ја почна практично можеби неколку месеци пред локалните избори, со масовно собирање на граѓаните, како божемно против социјалните бараки, формирање на некој непартиски одбор за против социјалните барака, а всушност тој одбор сите состаноци ги правеше во Штабот на СДСМ во општина Илинден. Тоа јасно говореше дека практично таа непартиска обоеност беше практично обоеност од страна на СДСМ. Тоа практично се совпадна и со кампањата што ја почна СДСМ почнувајќи од мај па наваму.

Во општина Петровец, втората општина во матичната општина Гази Баба, коалицијата за промени на ВМРО-ДПМНЕ и ДА повторно победи на овие локални избори во вториот круг. Тука имаше прекин на гласањето во село Дивље и во село Р'жаничино. Практично во овие две села ВМРО-ДПМНЕ од 1990 година па наваму континуирано ги добива изборите и

во прегласувањето повторно победи во овие две села. Се прашувам кој имаше интерес да го прекине гласањето во овие две села? Дали коалицијата за промени односно ВМРО -ДПМНЕ и ДА или пак опозицијата за да може да калкулира понатаму со текот на гласањето и нормално со крајните резултати што требаше да настанат со гласањето.

Вашето тврдење дека и тука, во оваа општина, дека секаде каде побидевте било мирно, има едно логично објаснување. Таму каде вие победивте сметам дека ние ја почитувавме волјата на народот и не сакавме да правиме проблеми, оти тоа е, можеби, едно од објаснувањата зошто во општините во кои победи опозицијата немало инциденти. За ваша информација во општина Петровец, после прегласувањето нашиот кандидат убедливо победи во двете места.

Што се однесува до општина Газа Баба како една од нај индустриските општини во Република Македонија, ВМРО-ДПМНЕ, ДА и ДПА после вчерашното неофицијално гласање победи на овие локални избори. Се прашувам како може опозицијата во оваа нај индустиска, нај стопанска општина *во* која што има најголем број затворени фабрики, најголем број избркани работници да се надева дека на овие локални избори може да победи? И тука како и во општина Петровец што имаше прекин на гласањето на две изборни места и овде се случи да има прекин на едно избирачко место, с. Црешево каде гласаат и граѓаните од с. Смиљковци и граѓаните од с. Виниче, да има прекин и тоа два пати, во вториот круг и во прегласувањето.

Претседателот на ИО во вториот круг г. Спасе Андоновски кој беше претседател на избирачкиот одбор и после прекинувањето, нормално, изборната комисија реши да ги промени сите членови на избирачкиот одбор. Што се случи? СДС г. Спасе Андоновски го предложи за член во избирачкиот одбор од страната на СДСМ. Значи, со факт докажано дека практично и претседателот на ИО бил партиски човек. Можеби тука треба да се бараат причините зошто имало прекини на гласањето на два пати и тоа во с. Црешево каде ние, убедливо од 1990 година па наваму, убедливо ВМРО-ДПМНЕ победува во тоа село. Впрочем, го користам овој момент да изразам благодарност на граѓаните на с. Црешево, с. Смиљковци и с. Виниче кои вчера повторно докажаа дека имаат доверба во коалицијата за промени ВМРО -ДПМНЕ и ДА и вчера убедливо победивме таму со 449:119 гласови и со тоа практично го демантиравме дека прекинот го правел ВМРО-ДПМНЕ.

За да не направите повторно прекин, побаравме од изборната комисија на општина "Гази Баба", официјално, писмено изборната комисија за цело време на гласањето да биде присутна на изборното место. За цело време од 7,00 часот наутро до 19,00 навечер изборната комисија цело време, континуирано беше присутна на изборното место и со тоа ние сакаме да покажеме дека не сме подготвени да правиме малверзации, туку дека чесно да се изврши гласањето, да излезат граѓаните и да го дадат гласот за онаа партија, за онаа коалиција, за оној градоначалник како личност, за кого сметаат дека во следниве 4 години ќе ја оправда нивната доверба. Така и се случи. Ние, иако после гласањето, можеби 2 часа изборната комисија мораше да биде присутна на изборното место додека не се средеа сите записници.

Во цела Република Македонија, како што кажуваа претходните говорници имало насилство, еве, се потврди дека не е тоа така, е општината Гази Баба и не само таа, туку сметам дека секаде таму каде што СДСМ или опозицијата решила да не ги освои општините по секоја цена.

Во општина Газа Баба опозицијата ги вклучи и дамите од Парламентот и другите нивни членови, што јасно зборува ако ние како ВМРО -ДПМНЕ и ДА бевме толку насилници, толку опкружени со рекетари, зарем ќе ги следеше понежниот пол во оваа општина и тие настрадаат како божемно настрадани и во другите општини.

Единствено честитам што ги посетивте приградски села во општина Гази Баба, конечно, да видите во каква состојба се тие села после 8-то владеење на опозицијата. Меѓутоа, не ми е јасно зошто тие прошетки ги правевте претежно ноќе, па така не можевте да видите во каква состојба се, туку моравте да отидете и дење за да видите овие приградски села, 10 км оддалечени од строгиот центар на градот, во какви услови живеат граѓаните таму. Практично, често се прашувам што всушност баравме од граѓаните во овие населени места? Ништо не направивте, ништо не изградивте. Единственото ваше мото беше дека е загрозена државата, дека има национално

предавство, дека државата е ограбена, дека сме некакви си насилници, што е најважно и што нон стоп овде во Парламентот слушавме дека ние, нашите ветувања не сме ги исполниле.

Само едно би кажал дека премногу пустож оставивте пред нас, со вашето владеење за да можеме да ги исполниме сите наши ветувања што ги имаме дадено пред парламентарните избори. Но, впрочем само 2 години поминаа од владеењето, уште 4 од 1998 година, сметам дека и учениците во средно кога ќе се запишат им треба 4 год. да го завршат школото, а не со две години. Тоа би биле учени, недоучени.

Би се држел до општина Газа Баба, пак би рекол дека во оваа индустриска општина, зарем заборавивте колку од вашите членови ги присвоија тие фабрики и практично станаа богаташи. Јас бев, пак ќе повторам, еден од таквите случаи, а мојот случај ќе го кажам и во контекстот на тоа што велите дека ВМРО-ДПМНЕ ги брка од работа членовите, симпатизерите на опозицијата, сите оние кој не се блиски или не се лојални на партијата на власт. Го кажувам мојот пример, практично вие и донесовте 1995 година Закон за загубарите, и со закон ги избркавте луѓето од фабриките.

**КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:** (Продолжение)

Мојата фабрика имаше околу 600 вработени, да не речам Металски завод околу 5 илјади, каде што со Закон, без никакви критериуми, ги избркавте луѓето од фабриките и им дадовте на некого 10 месец, на некого 12 месеци, на некого 14, за да преживеат, за да забораваат на фабриките, а после тоа без никаква финансиска помош остануваат. А, толку жестоко го критикувавте нашиот Закон за привремено пензионирање, каде што ниту еден од случаите не беше оставен финансиски необезбеден. Што да кажеа работниците од фабриките, кои што беа непосредни производители, кои што работеа во леарници, на машини, на стругкови, на глодалки, на душчалки, со уље, со струготини, кои што ги избркавте и им дадовте заштита само 10 месеци. Знаете како се случи тоа. Еден ден, два или три пред тоа рекоа дека ќе бидат истакнати списоците на работниците кои што треба да одат и кои се технолошки вишок. Практично, тоа беа непожелните работници. Тоа беа работници кои ќе им смеата на менаџерските тимови да можат да си го дозавршат ограбувањето на фабриките. Никој не знаеше кој ќе биде на тој список. Чекавме во канцелариите и никој ниту смееше да излезе во ходниците да ѕирне на огласната табла дали е некој запишан на тој список, дали не е. Сега, можеби ќе направам споредба, можеби ќе звучи многу сурово, практично, личеше како во случаите на концлогорите. Секој гледаше дали ќе се спомене нивното име, да излезе од толпата и да отиде на бесење. Во такви случаи кога ќе се слушнеше нивното име, ја земаш ташната, ја напушташ канцеларијата и никој не смееше ниту пријатно да ти каже, бидејќи со тоа ќе беше жигосан дека ти е близок и во следната тура, а имаше неколку и тој ќе си заминеше. На таков начин ги преполовивте фабриките, а велите дека ние го бркаме стручниот кадар. Па, само во мојата фабрика од 100 инжињери, 50 инжињери и тоа најчесто тие со поголем стаж, со повеќе од 15 години стаж, мораа да го напуштат Металски Завод Тито, за да во исто време примите 15 приправници, нормално да ја спасат фабриката. Меѓу тоа, тие 15 приправници им требаа 3 години да го учат занаетот и за тоа време тие не се бавеа со политика, не бараа власт, не бараа рамноправност, туку бараа да учат. И, нормално, тоа го направивте. Сега, велите дека ние сме ги бркале луѓето од администрацијата, т.е. од министерствата. И, уште нешто, што е многу поважно, вие не направивте никаква реформа во министерствата, во јавните претпријатија. Зборувам за 1995 година, кога го донесовте Законот за загубарите. Со Закон ги избркавте непосредните производители, практично оние на кои што се базираше државата, стопанството. Во администрацијата ништо не направивте. Напротив, вработените кои што беа синови на побогатите луѓе на поугледните ги префрливте во министерствата и уште повеќе, можеби статистиката тоа може слободно да го покаже, дека практично тогаш ги дуплиравте министерствата и јавните претпријатија. И, што направивте тогаш? Практично државата во глобала почнуваше да тоне. Земавте кредити од странство и сето тоа, за да може да опстане во некоја привидност и барем одредено време, додека не се задржите на власт. Секоја држава, секоја по нормална држава во тоа време единствено што би направила, би почнала од администрацијата, а не од непосредното производство. Го направивте погрешниот чекор, а сметам дека беше смислен чекор и што е уште по погрешно е тоа што сметавте дека, бевте советувани дека менаџерските тимови, испуштајќи ги работниците, зборувам за инжињерите како мене што беа, кои работевме на компјутери

или на цртачки табли, сметавте дека за тие 15 месеци или една ипол година, додека имаат некоја привидна финансиска заштита, менаџерските тимови во фабриките ќе направат таков бум, што ќе оформат работа за сите овие избрканите, за да можат да бидат односно да соработуваат со тие фабрики, за да може да тргне стопанството. И, што се случи? Ниту фабриките проработи за како што треба, ниту работниците некогаш добија или се вратија во тие фабрики или на било кој начин добија работа со нив. Зошто го велам ова? Вие се јавувате како заштитници на народот. Зарем мислите дека народот заборавил кој им го направи тоа. Бевте тие кои народот го доведовте во оваа состојба. Зборувам за до 1998 година. Мислам дека премногу кратко време е, премногу нешто тешко направивте, за да би можеле, народот да го заборави ова.

Затоа, јас лично би ве замолил да престанете со овој метод да го вознемирувате народот и да ги оставите граѓаните мирно да гласаат, онака како што мислат да гласаат. Ако сметате дека треба да гласаат за вас, добро е да направите нешто, да видат луѓето дека е нешто направено, за да можат да гласаат, а не со поткупи, со други различни форми на приграбување на гласови. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Коце Трајановски.

За реплика се јавува Ѓорѓи Тодоров.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Почитуван г-дине потпретседател, почитувани дами и господа пратеници. Г-динот Трајановски овде со голема леснотија искажа многу ноторни невистини и ме чуди зошто тоа го работи. Јас сакам да го прашам, г-дине Трајановски, вие повиканите луѓе пред месната заедница Јане Сандански, пред местото Житиште дадовте наредба, одете пред куќата на Тодоров, а јас сум пратеник, не треба да одам, јас од овде ќе ја водам акцијата и ќе ви давам инструкции по мобилен телефон. Тие се вашите зборови, кои што ми ги пренесоа луѓето кој го слушнале тоа. Г-динот, кој глуми ранет во раката, во еден од избирачкиот круг, во Автокоманда, кој направи инцидент на едно од гласачките места, по кој инцидент за половина час од уплав и возбуда, почина член на избирачкиот одбор. На глумецот во раката за својата улога пред мојата куќа и за време на локалните избори, го наградивте како партија ДПМНЕ на власт со стан во населба Ново Лисиче. Г-дине Трајановски од оваа говорница изјавивте дека пред куќата на пратеникот, кој преминал од ВМРО-ДПМНЕ во ВМРО - Вистинска Македонска Реформска Опција од Општина Гази Баба, имало ранети со прострелни рани. Тоа го кажавте со голема леснотија, не водејќи сметка за одговорноста на таквите лаги што ги изрековте. Па, ве прашувам, дали вие ги видовте раните и ако ги видовте, зошто не ги покажавте на македонската јавност? Или, само луѓе кои лежат под чаршав, со здрава рака и здрава нога, завиткани во гипс. Мислите дека македонската јавност се деца, па ќе ви поверуваат.

Досега, од поедини пратеници од ВМРО-ДПМНЕ бевме напаѓани со огромна леснотија, без добро да се размисли, иако сосема добро им е јасно како бевме третирани додека бевме заедно во партијата ВМРО-ДПМНЕ. Не бевме фермани за ништо, ниту респектирани како народни претставници односно народно избрани пратеници. За нас беа недопирливи голем број на министри, премиерот и вице премиерот од ВМРО-ДПМНЕ. Благодарение на нашата храбра и цврста одлука да застанеме пред таквиот начин на ненародно практикување на власта, свесни дека за таквиот начин на владеење се крие криминал, диктатура, тоталитаризам, разнебитување на Република Македонија во севкупните сегменти од нејзиното државно битисување. Просто кажано, просто сторено, просто срамно изгледавте како декор качени на бината на последниот фантомски реализиран митинг на ВМРО-ДПМНЕ. Цената ви порасна само благодарение на нашата одлучност да го кажеме вистинското "НЕ" во вистинското време. Не на криминалот, митото и корупцијата, не на лажните реформи во стопанството и вон стопанството. Не на приватизацијата во четири очи.

Не на разнебитувањето на Република Македонија, не на партизација на државата, не на непотизмот, не на сивата економија и на се што е негативно во оваа наша единствена држава. Туку, јасно кажавме пред целата македонска јавност, сме за обединување на сите граѓани на Македонија, сме за обединување на сите политички партии околу проблемите на македонската држава за нивно решавање, за доброто на сите граѓани на Македонија. Ќе ја подржуваме секоја иницијатива, која не обединува без разлика од каде доаѓа и од кого е. За нас е важно како ВМРО - Вистинска Македонска Реформска Опција, да создадеме услови во Македонија да има

Европски стандард, европска невработеност, европски начин на решавање на станбеното прашање на секој наш граѓанин. Потоа, да владее правото према секој граѓанин, Македонската држава да биде безбедно и сигурно место за една цивилизирана држава.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Г-дине Тодоров, говорете за репликата, а не за програмата.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Сакам да образложам, пред да го кажам она на крај што треба да го кажам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам, за програма не говорете, туку говорете за она што говореше Коце и на тоа обратете се.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Добро, вие господо пратеници од ДПМНЕ, кои се јавивте од оваа говорница со напади према нас пратениците од ВМРО - Вистинска македонска Реформска Опција, наместо да ни се придружите кон нашите цврсти определби за спас на Македонија, вие со голема леснотија се дрзнавте да не напаѓате со лаги и клевети и со конструкции да не наречете дури и предавници.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Говорете за Коце Трајановски.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

За Коце зборувам. Предавници, но не кажавте што предадовме, кого го предадовме и спрема кого. Дали сте свесни дека ја играте улогата на бедни слуги на вистинските предавници, кои преку вас се проектираат за предавници во нашите личности, за да го припијат своето предавничко дело. Значи, наместо вие да ни се придружите...

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Поминаа вашите пет минути.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Поминаа три минути. Сега ќе завршам. Значи, наместо да ни се придружите вие побрзавте да ги запоседнете нашите места во управните одбори да се продадете за пари спрема човекот кој немилосрдно ја разнебитува и ја ограбува Македонската држава. Бидејќи, како злоупотребувачи на власта, парите се кај него, а не кај лидерот на ВМРО - Вистинска Македонска Реформска Опција, г-динот Борис Стојменов. Но, за да ги доведам до суштината на ваквите квази говорници, мора да им се постави прашањето на ваков начин и од тоа да не се отстапува. Дали на еден даден човек во едни дадени услови му се возможни две или само едно дејствије. Одговор на сите длабоко мисленици е само едно.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве опоменувам дека времето ви помина.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Ми зедовте две минути.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Реплика има г-динот Ѓорѓи Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Почитуван потпретседателе, г-динот Трајановски се обиде во сопствената дискусија да ја пласира тезата дека опозицијата, односно СДСМ е страшно многу виновен, затоа што во својата политичка пропаганда, за се што нечини во оваа држава, ја обвинува коалицијата за промени. Тој, исто така кажа дека не може да се обвинува коалицијата за промени ВМРО-ДПМНЕ, затоа што тие се само две години на власт, а дури за завршување на средно образование се потребни четири години и дека тие всушност за две години не можеле да направат ништо во Македонија и дека е тоа едно големо оправдување и треба да ги оставиме да видиме што ќе направат за четири години. Иако, ми се чини, дека таа споредба е неумесна, затоа што во училиштата е познато дека ако по две години некој покажува слаб резултат, навистина може да биде избркан од училиштето и потоа да му се даде можност да работи она што единствено знае да го работи, без образование.

Втората работа, која што г-динот Трајановски, исто така, се обидува да ја продаде е тоа дека СДСМ, всушност, во целиот негов период упропастил се до таа мера, што вистина денеска било кој да е на власт, не може ништо да направи. Тоа мене многу ме потсетува на еден, сепак, комунистички образец на пропагандата, кој што можеше да се прочита во поранешните учебници, во кои што пишуваше дека Бивша Југославија пред војната немала ништо, меѓутоа, дошле Германците и се ни однеле. Е, исто така, по тој образец, оваа пропаганда денеска се труди да покаже дека Македонија во време на комунизмот немала ништо, меѓутоа, потоа дошол СДСМ и се и однел. Мислам дека, всушност, тој и не забележува дека во сопствената пропаганда, обидувајќи се да ја брани позицијата на сопствената партија, всушност, се обидува еден таков тип пропаганда да инсталира и она што денеска можат да видат луѓето во Македонија не е проблемот во тоа дали се инсталира некој демократски систем. Туку, еден обид, еден,

всушност, можеби од претходниот период многу благ комунизам, да се замени со класичен Сталинизам по сите методи што се применуваат во Македонија. Од таму, тој веројатно, соочен со таквиот проблем, не може да ги објаснува работите и се служи со тој образец на програмата, што мисли дека нему ќе му помогне, или пак дека ќе го оправда пред неговите избирачи.

Што се однесува до неговото инсистирање да ја оставиме дефинитивно коалицијата за промени односно граѓаните мирно да си ги избираат своите претставници, ние тоа го разбираме како апел, да оставите по претседателските избори и по локалните избори, мирно коалицијата за промени да ги фалсификува сите наредни избори и да не реагираме на таквите работи,затоа што тие немаат намера да дозволат ненасилна промена на власта во Македонија. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам г-дине Ѓорѓи Спасов.

Реплика, Коце Трајановски.

**КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:**

Пред се, би сакал да кажам дека г-динот Ѓорѓи Тодоров јас не го нападнав. Исто така, пред се би сакал да кажам дека јас ја почитувам нивната определба да поминат во друга партија. Јас од својот говор само кажав некои факти, воопшто не кажав кој е виновен, има судови тоа нека си го кажуваат, она што се вели дека еден човек починал во Автокоманда, за тоа сакав да кажам дека тој е еден член од ДА и тој си почина во својот дом после гласањето. Не ги знам околностите, меѓу тоа не би сакал да се манипулира со него.

Она што се однесува за митингот и за моето присуство и за моето присуство во месната заедница Житиште, може да се провери во Полициската станица во Автокоманда, дека таа населба беше на распоредот на митинзи, на нашиот изборен штаб некаде можеби 15 или 16-ти по ред, значи 15 дена или 16 дена пред тоа ние знаевме дека ќе бидеме таму, можеби, како што кажав во демантот кој што го дадов до медиумите се погодил моментот кога се одржувала конвенцијата на партијата ВМРО-ВМРО и тоа е коинциденција на случаи што се случило тоа.

Она што кажа г-динот спасов дека ние како лоши ученици после две години треба да си заминеме, само би го прашал како тие успеаја после штрајкот во ф-ката Железара од 12 илјади луѓе, кои пешки дојдоа од Железарницата и одејќи дури татнеа улиците, тие не најдоа за сходно тогаш да ја напуштат власта. Сметам дека немаа доблест, такво нешто да изјават. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ѓорѓи Котевски.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа, од страна на опозицијата беа исфрлени едни тези за кои, навистина, во овој Парламент треба да се проговори. Треба да се проговори, бидејќи од човекот што се изговараат, а има претензии да биде голем политиколог, а исто така бил и амбасадор во една соседна земја, навистина, таквото образложение не само што не држи, туку Република Македонија се наоѓа во една друга состојба и во една друга политичка фаза, каде што таквите образложенија не само што не држат, туку воопшто треба да ги отфрлиме. Станува збор за Сталинизмот, кој го пласира овде г-динот, мојот имењак Ѓорѓи Спасов, сталинизмот е една категорија, која е влезена во човековата историја или во политиколошка смисла, заради постоењето на една личност, владеењето од едно партизмот и таквото време што го имаше Советскиот сојуз, заради една таква личност, е наречена сталинизам. Но, овде во Република Македонија ваквиот дел, кога станува збор за повеќе партиски систем, кога точно знаеме дека по 4 години или и во текот на самиот мандат кој е дозволен со Уставот на Република Македонија, можат да се случат и предвремени парламентарни избори, таквата квалификација не само што не држи, туку е надвор од рамките на она што го декларираме и со Уставот и како политички партии во повеќепартискиот систем на оваа држава Република Македонија. Сталинизмот е зад нас и промените по било која основа, дали од една или од друга страна, доаѓаат во зависност од тоа како се движат параметрите на политичките партии и како ги воспријемаат тие параметри граѓаните на државата и колку тоа граѓанство е на еден висок степен, колку е до сознанијата за таквите состојби што треба да се променат или не треба да се променат. Мислам дека во политичка смисла ваквите тези апсолутно не држат и не треба да се пласираат во Собранието на Република Македонија.

Исто така, сакам да укажам на една работа. Злочинот од било која политичка партија да се направи во една држава е под исто покровителство и тој не може да се квалификува помал или поголем, облак или полош, без разлика која политичка партија е на сцена на Република Македонија.

Злосторот можат да го направат сите, поправо можат да го направат поединци од политичките партии, но не може да се глобализира дека злочинот настанал, да речеме, од еден човек.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:** (Продолжение)

Особено во овој повеќепартиски систем каде што владеат други критериуми, други мерила и други односи на силите во државата, ние треба да се стремиме било кој злочин, да доаѓа од било која политичка партија, напредните прогресивни сили во политичките партии треба навреме тоа да го спречуваат за да можат да останат на политичката сцена подолго во Република Македонија, и врз основа на тоа да добиваат мандат од граѓаните, од гласачкото тело.

Сакав да укажам, да расчистиме со овие поими кои не треба да бидат својствени повеќе во оваа држава, бидејќи имаме повеќепартиски систем и за да ги надминеме тие работи ние како учесници во Собранието на Република Македонија, особено како носители на политички партии, бидејќи цело Собрание е составено од политички партии, работите треба многу суптилно да ги насочуваме кон ослободување од таквите стеги и да дојдат до израз слободарските идеи, слободарските чувства и она што навистина претставува иднина за Република Македонија. Инаку, враќајќи се во историјата, квалификување со сталинизам или со некои други квалификации не може да води напред, иако сум свесен дека поединци или одредени групи во државата понекогаш се занесуваат и заборавaат каде се наоѓаат, па за да дојдат до одредена цел ги користат и ваквите методи, меѓутоа, мислам дека тие се несвојствени и непродуктивни и во иднина во Република Македонија тие ќе бидат крајно осудени.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Реплика за г. Ѓорѓи Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Јас му благодарам на г. Ѓорѓи Котевски, што се обидува да потсетува на тоа како ние треба да разговараме и како треба да ја опишуваме политичката ситуација во Македонија, меѓутоа, истовремено сакам да го потсетам на неколку работи.

Во времето на Сталин, 1936 година е донесен еден од најдемократските устави, барем што се однесува до заштитата на човековите права. Меѓутоа, никогаш тој Устав не станал реалност затоа што Сталин со сопствените методи се обидел да ги елиминира сите политички неистомисленици и создал диктатура која е запамтена како сталинизам. Оттогаш па наваму многу системи во светот, а не само тој што го градел Сталин, кој што се соочува со слични појави во кои што луѓето што ќе дојдат на власт се обидуваат со најгруби методи да ги елиминираат сопствените политички неистомисленици, преку недозволувањето на слободни и фер демократски избори, преку линчувањето на оние што ќе се обидат да ја напуштат партијата, преку прогласувањето и прогонувањето на сите оние кои всушност не ја следат нивната мисла и идеја, прогласувајќи ги за национални домашни предавници, поврзани со домашниот и надворешниот непријател и преку разни методи низ кои всушност ги узурпираат правата на граѓаните, таквите системи добиваат облик на тоталитарна власт што се нарекува сталинизам. Сите ние не смееме да ги затвораме очите пред таквите појави од страна на било која власт. Она што јас сакав да го кажам и затоа го употребив тој термин, тоа е да ги потсетам сите оние кои всушност сакаат да не убедат дека сме живееле долги години под еден црн комунизам и во време на СДСМ дека било исто така само продолжување на тој комунизам, само да ги потсетам на тоа дека она што сега се случува во однос на времето на СДСМ, оние методи на политичко насилство кои се применуваат, оние методи низ кои всушност се прават пресметки со политичките неистомисленици, независно дали се тие во сферата на политиката, во сферата на економијата или било каде, тој вид узурпации што се прават од власта всушност повеќе потсетуваат на еден потемен период од развојот на комунизмот, кој се означува како сталинизам.

Оттаму сметам дека Собранието е токму место каде што можеме да проговориме и за тие работи не со намера да ја оцрниме нашата држава, не со намера да го оцрниме нашиот систем, не со намера да се претставиме лошо пред меѓународната јавност, туку со намера да си помогнеме да ги погледнеме вистинските работи со вистинските очи. Несомнено, тука ќе има разлики, некои поинаку ќе ги гледаат тие работи, некој ќе ги гледа баш како голем напредок во демократијата,

меѓутоа, вистината не е на страната на оние што сметаат дека имаат право да узурпираат. Вистината мора да се побара во дијалогот и во дијалогот ќе ја откријат вистината оние кои нас не слушаат и оние што размислуваат со своја глава.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Реплика за г. Ѓорѓи Котевски.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Станува збор за нешто суштествено за што треба навистина да проговориме. Меѓутоа, треба да проговориме со јасна мисла и со еден чист морал. Знаете како, често во народот преовладува едно мислење дека ние политичарите едно зборуваме, а друго правиме. Нашиот однос кон нештата во државата навистина треба да биде реален и многу поискрен. Јас овде зборував за нешто што во државата се провлекува да не речам повеќе од 6 до 7 години. Можеме да правиме било каква толеранција за поранешниот систем кога Македонија беше во рамките на некоја друга држава. Но, после донесувањето на Уставот, ние се обврзавме, имавме консензус така да речам при донесувањето на тој Устав, ние се обврзавме за она што го донесовме тој Устав и таквите работи ние треба да ги штитиме. Да речеме, не е доволно само да го донесеме тој устав, не е доволно сите закони што ќе произлезат од тој Устав да ги донесеме овде со консензус во Собранието на РМ, но дали во практиката ние ги практикуваме и дали како политички субјекти навистина ги спазуваме до крај тие законски проекти.

Вие го спомнавте Законот за заштита на човековите права и сосема е јасна таа категорија за одредувањето на нациите во поранешниот Советски Сојуз, да не речам и во сите социјалистички земји како се третираше тоа прашање, националното прашање во сите тие соодветни земји. Меѓутоа, на дело беше навистина нешто сосема друго. Еве, земете го примерот со Македонија во рамките на тогашна Југославија. Каква нација се признаваше и како се водеше тоа во државата. Ние навистина треба реално и искрено сите овие работи што ги преземаме во државата да ги унапредиме. Мене нема да ме радува ако јас кажам јас кога владеев направив зло, направив пакос, крадев, лажев, но вие сега повеќе од нас крадете и лажете. Знаете на што ми наликува тоа мене? Ќе ви кажам една селска мудрост. Две мајки одат на бунар да залеат вода. Се враќаат од вода и на сред село ги сретнуваат двата нивни синови. А тие играат ашици на сред селото. Едната мајка, побогата, и кажува на другата: мојот син е прекрасен, многу добро работи, ме слуша, ме почитува, ме слага секогаш, ми помага во тешките физички работи итн. Оваа другата, кутрата, не и одговара ништо. Кога дошле на сред село, оваа што не се фалеше, синот и ги остава ашиците, ги зеде стомните и ги однесе дома. Ние не треба со празни фрази да се служиме. Тоа треба навистина да го практикуваме, ако нешто правиме добро тоа треба да го истакнеме, но она што е зло, без разлика, не можеме ние да го мериме на кантар колку било од поранешната власт и од сегашната власт, но таквото зло е зло и ние треба сите подеднакво да се стремиме кон таа работа и секоја политичка партија треба главен акцент да става на тие нешта. И преку тие нешта ќе бидат основните мерила и критериуми за добивање или недобивање на мандатот. А инаку само вака празно натпреварување, како овие две мајки од бунар кога се враќаа, мислам дека не води кон никаква корист.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господинот Ѓорѓи Тодоров се јавува за реплика на кого?

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

За реплика на Коце Трајановски, ме спомна.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Коце Трајановски не рече ништо.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Како не рече, име и презиме спомна.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Не рече, некој вика јас не спомнав дека пукал Ѓорѓи.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Ми спомна и име и презиме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Еве, нека повели.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Господине Трајановски, вие добро знаете дека нападот пред нашите куќи а и пред мојата е организиран од партијата ВМРО - ДПМНЕ, а еден од организаторите сте и вие, или идеологот. Имам изјави од луѓе кои тоа ќе го потврдат. Сакам да ве прашам дали знаете дека еден ден кривично ќе одговарате за дело организатор на толпа и ред други работи.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господинот Черкезов бара реплика, но на што.

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:**

Како можеше Ѓорѓи Котевски да настапува, а јас како координатор не може.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Се обрати на Ѓорѓи Спасов.

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:**

Ме спомна во името на нападот на пратениците.

Почитуван потпретседателе, дами и господа пратеници, почитуван јавен обвинител на Република Македонија, ве молам г. Стојановски, секогаш кога ги водите седниците станува дар - мар во македонскиот Парламент. Имаме право и ние како опозиција да добиваме исто право да реплицираме како што го дадовте правото на г. Котевски, кој отпатува за некоја друга тема да дискутира за комунизам, а не за денешната тема.

Во однос на излагањето на почитуваниот Коце Трајановски, се согласувам дека тоа што го осуди нападот на јуришниците на ВМРО - ДПМНЕ врз нашите домови, пред македонската јавност и те како има позитивно гледање, меѓутоа, секако дека пратениците на ВМРО-ДПМНЕ не се добро координирани, па во четвртокот кога не ми беше дадена една реплика на г. Крале Спанчев, кој кажа дека не треба да се напаѓаат фамилиите на пратениците, меѓутоа, за нив останува и понатаму линч.

И втората реплика во однос на г. Коце Трајановски кој денес јавно кажа и целиот македонски аудиториум имаше можност да ја слушне следната негова дискусија: Г-динот кој почина на локалните избори од Гази Баба е од Демократската алтернатива, а не од СДСМ. Почитуван г. Трајановски, зарем е битно од која партија починал граѓанин? Битно е дека на локалните избори почина граѓанин во контекст на оние избори како што ни се случија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Нема други реплики.

Господине Бузлевски, за што се јавувате?

Сакам да имаме контрола.

Од име на група да се јави г. Ѓорѓи Спасов, вие се јавувате а не сте спомнати.

Завршено е.

Преминуваме на втората точка од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за залог на подвижни предмети и права, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на закон ви е поделен.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор.

Има, збор претставникот на Владата, г. Зоран Стојанчиќ.

**ЗОРАН СТОЈАНЧИЌ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, би сакал да им се заблагодарам на сите пратеници што овозможија да се прекине расправата по информациите што се на дневен ред во Собранието и што се дозволи да се расправа за Законот за подвижни предмети и права и за Законот за залог.

Најнапред би сакал да ја објаснам причината за итноста.

Преговарачкиот тим на Светската банка инсистира на елиминирање на одредени неправилности, одредени пропусти што ги имаме во Законот за залог на подвижни предмети и права и во Законот за хипотека.

Бордот на директори на Светска банка е закажан за 20.11.2000 година, така што до 20.10.2000 година овој закон треба да го донесеме во Собранието. Бидејќи денес е 23.10.2000 година, мислам дека ќе се вклопиме во тој рок.

Би сакал неколку зборови да кажам за самиот ФЕСАЛ 2 аранжман или заем за преструктуирање на финансискиот сектор и сектор за претпријатија. Вкупниот заем изнесува 50,3 милиони американски долари од кои 20 милиони американски долари се под ИДА услови, и 30,3 милиони американски долари се под ИБРД услови.

Накратко би кажал неколку зборови за самиот Закон за залог на подвижни предмети и права. Закон за подвижни предмети и права во нашиот правен систем е воведен за првпат на 8 мај 1998 година, со што започнува реформа на заложното право. Веднаш за два месеци е донесен Закон за водење регистри, така што во Република Македонија е воведен централен регистер.

Причини за донесување на овој закон се повеќе.

Прво, неопходноста од измена на овој закон, со овој закон ќе се овозможат

олеснувања на вообичаени трговски трансакции.

Потоа, регулирање на материја во законот, која има празнини во смисла доцнење на должникот и одлагање на дејствие на доверителот.

До уредување на односи во делот на основањето, регистрација и реализација на залог.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за залог на подвижни предмети и права.

Ве молам да гласаме. (По гласањето).

Вкупно гласале 74, од кои 63 за, 6 воздржани и 5 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот.

Ве молам да гласаме. (По гласањето).

Вкупно гласале 69 пратеници од кои 60 за, 5 воздржани и 4 против.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:** (Продолжение)

Отворам општ претрес по Предлог на законот.

Молам кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Пратениците Трајко Гешоски, Радомир Карангелески, Стојан Попов, Ристо Спанаков, Павле Тодоровски и Алија Шахиќ поднесоа амандман на член 2 алинеја 5 и на член 3 став 2 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 2 алинеја 5 поднесени од пратениците Трајко Гешоски, Радомир Карангелески, Стојан Попов, Ристо Спанаков, Павле Тодоровски и Алија Шахиќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЗОРАН СТОЈАНЧИЌ:**

Амандманот се прифаќа бидејќи се работи за прецизирање на членот 2.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека текстот е составен дел на предложениот закон.

Отворам претрес по амандман на член 3 став 2 поднесени од пратениците Трајко Гешоски, Радомир Карангелески, Стојан Попов, Ристо Спанаков и Павле Тодоровски и Алија Шахиќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека и овој амандман е составен дел на текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлог на законот.

Молам кој бара збор? Никој.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и текстот на Предлогот на законот го ставам на гласање. Молам, да гласаме.

Од вкупно присутни 75 гласале 65, 60 за, еден воздржан и 4 против.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на законот за залог на подвижни предмети и права.

Минуваме на точка 3. - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за договорна хипотека со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлог на законот ви е поделен.

Отворам претрес по предлог за донесување на законот.

Молам кој бара збор?

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Господине потпретседателе, најпрво сакам да реагирам затоа што на трипати во оваа сесија на оваа седница не ми давате збор, на реплика за кое што сметам како пратеник дека имам право да се произнесам. Оттаму сфатете ја оваа реакција доста сериозна заради тоа што јас сум пратеник од изборна единица која што сака да чуе какви се моите ставови по одредени прашања за кои што расправа Парламентот. Тоа како опомена.

А сега за точката за која што станува збор. Јас претпоставувам дека ако се јавеше заменикот министер ќе го дадеше истото образложение кое што го даде и по претходниот закон и дека сето тоа што

Владата го нуди на Парламентот е во функција на исполнување на условите за склучување на аранжманите со Светска банка и ММФ. Имено, станува збор за регулирање на правата на доверители и акционери во кои што права како интенција се промовира зајакнување на правна рамка за спроведување на спомнатите права на доверители. Таа постапка за зајакнуваше на правната рамка нормално оди со дополнување ваквите законски материи и заради тоа мислам дека Парламентот би требало да го донесе денеска и овој закон. Но, и да слушне Парламентот, поготово да ја слушне позицијата во Парламентот, дека овој закон во вид на измени е изменет некаде во јули 2000 година во постапка нормална за онака како што практикува да работи овој Парламент. Тоа значи во скратени рокови без можност да се произнесе во одложена постапка опозицијата околу предлози кои што таа сметаше да ги нуди. Така што и тогаш ние кажувавме за одредени работи кои што треба да се до регулираат за да помине овој закон, мислам тогашниот закон помине пред експертите од Светска банка и да може да се смета дека Македонија ги исполниле условите барем од овој вид на поставени услови за непречено одбивање на преговорите со Светска банка и ММФ. Затоа, што тогаш не ја послушавте опозицијата, еве сега повторно сте принудени да менувате одредби од законот кои што се во насока на она што говоревме на комисиите и кои што сакавме преку Предлог за донесување и Предлог на закон, значи во две постапки да ги кажеме и да се вградат во одредбите на овој закон. Инаку, веднаш да споменам дека и ова што се нуди е недоволно да се обезбедат правата на доверителите и акционерите и да се зајакне правната рамка. Јас тоа тенденциозно не го искажувам, туку се водам од она што е напишано во матрицата која што е предмет на преговори меѓу нашата Влада и експертите од Светска Банка. Заради тоа се цени дека и овој закон докрај не ги регулира таквите односи Светската банка налага Владата да изработи нов закон за хипотека во кој што ќе ги интегрира и Законот за движниот и недвижниот залог. Јас само сакам да предочам дека таа обврска е поставена пред Владата, таа обврска треба до јуни 2001 година да се заврши за да се обезбеди во од повлекување на траншите кои што ќе бидат одобрени со аранжманот кој што ќе биде потпишан со Светска банка. Ете, тоа беше мојот напор да укажам на некои активности кои што како резултат на кооперативност на опозицијата спрема позицијата треба да бидат подобро сфатени од позицијата во наредниот период, ако веќе досега не ги сфаќаа така.

**ЗОРАН СТОЈАНЧИЌ:**

Дека дискусијата на пратеникот Бузлевски е во ред и дека точно е дека треба да се донесе некаде до шести месец единствен закон за залог и за хипотека, но дека ова сега што го нудиме, тоа е да кажам пред една недела договорено комплетно со Светска банка и нема ништо што не е договорено со Светска банка.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за договорна хипотека.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 65 пратеници од кои 60 за, 1 воздржан и 4 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Второ, дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 67 пратеници, од кои 61 за, воздржани нема и шест против.

Констатирам дека усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлог на законот.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот и Законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласаа вкупно 66 пратеници од кои 60 за, 5 против и 1 воздржан.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за договорна хипотека.

Продолжуваме со расправа по првата точка.

Информирање за случувањата за време на вториот изборен круг од локалните избори 2000 година.

За збор се јави г-динот пратеник Илија Прангоски.

**ИЛИЈА ПРАНГОСКИ:**

Господине потпретседателе, почитувани колеги пратеници, јас сум еден од оние пратеници кој што сеуште сум во дилема за ефикасноста и целта на оваа седница и за ефектот кој што ќе го постигне. Веќе две недели се води расправа која што воглавно се одвива околу едни исти тези, едни исти работи и доаѓајќи од моето седиште на оваа говорница, а инициран од претходните дискутанти ме потсети на една парадоксална ситуација кога учителката е македонската јавност, а учениците сме ние овде во клупите и се жалиме пред граѓаните на Македонија: "учителке овој вака ми направи, а другиот вели, не, јас вака му направив, тој вака ми направи итн". Целта на оваа седница ќе биде исполнета доколку навистина заврши на достоинствен начин и доколку навистина донесеме некакви заклучоци и ставови во врска со овие настани околу локалните избори 2000 година. Во спротивно верувајте ако контактирате со граѓаните на Република Македонија, а јас потполни ги разбирам веќе им е и мачно да не слушаат и мора да се согласите дека воглавно е така освен оние кои што се најмногу партиски така да кажам иницирани на кои што им се интересни сите реплики, контра реплики и стилот во кој што се одвива оваа седница. Всушност целта ќе биде оправдана, односно исполнета ако ние овде сфатиме дека со нашите дискусии и со нашиот меѓусебен однос независно позиција - опозиција, или припадност на политичка партија во многу придонесуваме целата таа состојба и атмосфера да се пренесе на некој начин врз граѓаните на Република Македонија кои што апсолутно потполно ги разбирам. Јас сега во оваа прилика ќе им се извинам за мојата дискусија, но, бидејќи доаѓам од Охрид и бидејќи го претставувам Охрид и мојата партија ДА прво сакам да кажам дека ќе зборувам и ќе настојувам да зборувам кратко.

На почетокот имам потреба како човек и граѓанин и пратеник да искажам мое лично сочувство за починатиот Фатмир Јакупи од с. Кондово, за сите повредени граѓани на Република Македонија и во Охрид и на другите места и за сите луѓе кои што на некој начин ниту криви, ниту должни беа и малтретирани во текот на овој изборен циклус од политичките партии. И припаѓам на онаа група на пратеници кои што сметаат дека ова нема ништо заедничко со демократијата односно дека е во спротивност со демократските настани во Македонија и дека треба еднаш да се договориме поинаку да се работи. Меѓутоа, бидејќи доаѓам од Охрид имам и обврска, бидејќи ја претставувам Демократска алтернатива и како претседател на тој клуб во Охрид, имам човечка обврска и граѓанска пред се да зборувам за честа на градот, за честа на граѓаните на Охрид, и за честа на гласачите, оние кои што ја дадоа довербата на кандидатот г-динот Никола Наумов и на другиот противкандидат г-динот Никола Рилковски. Јас за разлика од претходните говорници нема да ги именувам, бидејќи ќе се трудам да избегнам можност за било каква реплика. Имам почит не само спрема тие двајца кандидати кои што влегоа во вториот круг, туку и кон претходните мислам дека беа уште седум во Охрид кои што не успеаја. И ќе ја сочувам таа почит и понатаму, бидејќи ги познавам и едниот и другиот. Но, сакам јавно да кажам бидејќи г-динот Никола Наумов за жал не е во можност да реплицира од оваа говорница, да кажам дека Охрид би требало да се гордее и ќе се гордее тогаш кога тој ќе биде градоначалник на градот. Ние навистина се согласивме со ВМРО-ДПМНЕ во изборот на личноста и ефектите, резултатите, граѓаните на Охрид и реакциите докажаа дека тоа е прав избор. И сите зборови и зборувања во врска со неговото учество, или неучество во целата оваа Охридска работа сакам да бидат на некој начин оневозможени и да се дојде до правата вистина. Најнапред треба да бидеме луѓе и да останеме луѓе. И на крајот ќе завршат и овие локални избори и само со една мала временска дистанца од 10 дена веќе не е таква атмосферата како што беше првите денови, но останува нешто што се памти, останува нешто што никогаш не се заборава, а тоа е некој кажа од оваа говорница, тоа е тежината на зборот. И затоа треба да бидеме навистина внимателни тогаш кога зборуваме и како зборуваме и за кого зборуваме, бидејќи само со еден збор може да се декласираат одредени луѓе ниту криви, ниту должни. Ова уште повеќе ме асоцира на доаѓање од Охрид за Скопје кај мостот Обединети нации од лева страна стои една многу добра изрека, односно тоа е дел од библијата.

**ИЛИЈА ПРАНГОСКИ:** (Продолжение)

Да, еве Нано Ружин се смее, а таму точно кажува "правете го на луѓето тоа што сакате вас да ви го прават", така ли е

господине Ружин. Односно не правете го она што не сакате вас да ви го прават.

Кога сме кај честа и достоинството на одредени луѓе треба да бидеме свесни дека не може да се постават работите само од позиција на едната страна е виновна, а другата не е виновна, бидејќи и тоа го знаете, и го знаеме сите за кавга се потребни двајца а за тепачка уште повеќе од двајца.

На почетокот од овој дел, бидејќи во репликите што ги имав минатите денови по оваа точка и во некои медиуми веднаш успешно ме пренесоа во одреден контекст.

Прво, навистина Демократска алтернатива од Охрид, сите нејзини активисти, а ги има фала богу многу, јас ја користам оваа прилика јавно да им се заблагодарам за целата работа и за целиот труд и активисти граѓани и припадници и членови симпатизери на Демократска алтернатива, на тоа што навистина немаа никаков придонес во настаните во Охрид.

Второ, во штабовите на ДА и ВМРО-ДПМНЕ за локалните избори во ниеден момент не постоеше, ниту се правеше одредено сценарио што да се прави и како да се постапува, доколку се случи ваква или ваква работа или доколку се случи таква и таква работа. Еден од најдобрите докази за тоа, мојот колега Рубенс Наумовски ги кажа доказите, меѓу тоа еден најверојатно го прескокна, ми го остави мене е завршувањето на првиот круг во Охрид, господа првиот круг во Охрид со нашиот кандидат, значи по негово инсистираше заради неговата граѓанска доблест и морал и негово инсистирање да не бидат напаѓани ниеден од претходните градоначалници, да не се води агресивна кампања во Охрид, да победи оној што е подобар и по негово инсистирање и барање ја завршивме кампањата во првиот круг со емисија на локалната телевизија, на двете локални емисии, ко]а што ја организиравме два-три дена пред тоа, на која што присуствуваа голем број познати имиња од областа на културата, уметноста, поезијата и на која што присуствуваше и нашиот кандидат за градоначалник, која што ја крстивме "Охридски пејсаж". Емисијата беше снимена во куќата на Глигор Прличев во траење од два часа и на тој начин сакавме да ја дадеме конечната порака на граѓаните во Охрид и другите политички партии. Не завршивме со повици за борба, не ја завршивме со повици на тепање, не ја завршивме со повици за крвожедност, туку ја завршивме со обратен повик. Самиот наслов на емисијата "Охридски пејсаж", беше тој кој што требаше да ја пушти и ја испрати пораката до граѓаните на Охрид. Воглавно до првиот круг, воглавном се беше во ред. Овде се шири тезата дека таму каде што победиле претставниците од опозицијата немало проблеми, но има една друга теза, се беше во ред се додека претставниците од опозицијата ја водеа кампањата онака како што ја водеа. Првиот круг заврши со наш условен пораз од 2404 гласа. Разлика која што е спомената во нечии говори дека била невидена и ненаправена дотогаш во Охрид и која што гарантирала сигурна победа во вториот круг. Меѓутоа, се случи обратно. Ние си ги направивме анализите веднаш, следниот ден, наредниот ден, видовме каде се нашите слабости и заедно двата штабови, и од ВМРО-ДПМНЕ и од ДА во Охрид интензивно работеа со членовите, со активистите на оној дел што се вика мобилизација на граѓаните и на нашите симпатизери - членови за излегување на гласање. Некако во тој период, ќе ми простите, меѓутоа како да ве најдовме во небрано. Ве фативме таму каде што го крадевте лозјето. Тогаш се создаде нервозата која што постепено растеше.

Вториот круг, ќе дојде Бузлевски и сигурно ќе ми реплицира, заврши со следниот резултат. Меѓу првиот и вториот круг "Коалицијата за промени" во Охрид доби уште 4260, а опозицијата "За Македонија" доби 1709 гласа. Тука вие ја изгубивте битката. Не ја изгубивте битката со прегласувањето, туку ја изгубивте тука битката. Вие не очекувавте за 10 дена да се добијат уште скоро 50% нови гласови, а ние знаевме дека нашата структура не е мобилизирана доволно во првиот круг. Јас се оградувам од настаните на двете изборни места бидејќи немам никакво учество во тие настани, но и со тие настани, со поништувањето на тие две изборни места и со прегласувањето, фактички разликата беше од 2434 гласа само на 232 гласа минус за нас плус за вас. Тука ја изгубивте битката, а не како што стои во информацијата, што посебно ме стимулира да зборувам завршната реченица во која се вели: "Каде пратениците ќе расправаат за сите случувања и криминални активности кои се случија на 8 октомври во Охрид".

Се случува една парадоксална ситуација во Македонија. И ние сме виновниците, јас после ќе зборувам малку за патриотизмот, ако ми дозволите, бидејќи овој Парламент две недели и повеќе е ставен во улога на судница, а судовите повеќе од две недели не се ставени во улога на судови, односно обратно. Ние веднаш

ставаме лесно квалификации, веднаш ги квалификуваме и тоа е таа правата вистина што ние ја кажуваме. Ако има криминални активности во Охрид, тогаш ќе дозволите дека имало криминални активности и од другата страна. Тоа е последната страница од информацијата, а првите страници се исто така интересни. Информацијата е еднострана и е партиски составена, не одговара на вистината и не одговара на правите, на вистинските настани. Јас тоа *со* полна одговорност сакам да го кажам од оваа говорница заради тие 14.830 граѓани на Охрид кои што го дадоа гласот за господинот Никола Наумов, и довербата, но и заради другите 14.730 кои што ја дадоа довербата за Никола Рилковски. Ние знаевме дека во Охрид ќе има машка борба, бевме свесни и ние и вие дека ќе биде до крај неизвесно и едноставно можам да кажам со полна одговорност дека не требаше да дозволиме да дојде таква разврска во прегласувањето, бидејќи во репликите кажав, а сега повторно ќе кажам, во постојана комуникација бевме со господинот Рубенс Наумовски. Ние веќе околу 13,30 часот знаевме дека во прегласувањето ги добивавме, како што знаевте вие дека ги губите. Знаевме според одзивот, според бројот на одзивот, според бројот на излезените гласачи на тие две места, знаевме дека добиваме и воопшто не ни одеше во прилог, ниту имавме сценарио за создавање на инциденти кои што би завршиле со таква работа со каква што завршија. Во тој момент кога доаѓаа информации од нашите активисти дека се вжештува атмосферата на тие две изборни места вие господа мене не ме видовте на изборно место никогаш. Не го видовте ни господинот Томислав Петровски, не го видовте ни господинот Митко Тилевски, па дури не го видовте ни господинот Рубенс Наумовски на изборно место, дали видовте некој од нив. Никого не видовте. Ние не ја вжештувавме атмосферата. Ние постапивме обратно. Јас во 13,30 им дадов замолница на нашите активисти, побарав од нив да се повлечат од изборните места сите до еден и да водат сметка пред се за сопствената, за нивната безбедност и за безбедноста на околните граѓани, бидејќи ситуацијата беше доста напната. Во тој момент разговаравме со господинот Рубенс Наумовски и се договоривме да ги повлечат и тие нивните. Дали вие така постапивте незнам. Дали вие дадовте такво барање, односно такво упатство да ги повлечете вашите активисти кои што беа дојдени во Охрид и кои што беа неколку дена во Охрид и кои што беа на број од околу 150 до 200. Кои што беа долго време тие вечери по сите охридски кафани присутни. Кои што со самото нивно присуство уште повеќе ја вжештуваа атмосферата. Зошто вие не дадовте такво упатство да ги повлечете, да се смири ситуацијата. Ние од Демократска алтернатива ги повлековме. Јас можам сите 50-60 луѓе овде да ви ги донесам да потврдам дека така беше. Едноставно ситуацијата излезе од контрола, меѓутоа во информацијата немате одговорено на едно суштинско прашање, а тоа е второто прашање. Првото ве прашав, дали ме видовте мене на изборно место во неделата, или другите наши пратеници, а вие бевте на изборно место.

Второто прашање е како ќе образложиме пред охридската и македонската јавност за присуството на таа голема група луѓе, не сакам да ги кажам рекетари, активисти нека се од различни делови од Македонија и најмалку од Охрид. Ако биле дојдени да помагаат за изборите зошто беа опремени за водеше на борба, битка, дури и со огнено оружје. Ако беа дојдени во Охрид за туризам во "Братство" Лескаица 1263 не е тоа туристичка локација. Можеби "Магнус" е туристичка локација но времето не беше за туризам, беше врнежливо. Зошто тогаш во оној момент кога осетивте и вие, знаевте дека ситуацијата е вжештена и напната и дека може да излезе секој момент од контрола, зошто едноставно не ги повлековте вашите активисти.

Тие три прашања во информацијата не се внесени и во интерес на вистината, јас сакам ова да го кажам јавно, свесен, потполно свесен за сите реплики и за сите можни реакции, меѓутоа сакам да ја кажам вистината, онаа вистина во која што јас присуствував активно цело време.

Информацијата исто така е невистинита бидејќи на едно место стои, страница 3, прва алинеја "во оваа полициска тортура најмногу се истакнал заменик началникот на охридската полиција". Заменик началникот на охридската полиција заради охридската и македонската јавност, не сакам да го именувам, вие го знаете, тој ден и таа ноќ, во неделата не беше во Охрид, беше во Дебар. Ако сакате и него ќе го викнеме да потврди овде, ако треба да изигрува овој Парламент судница, истражен орган.

Оваа работа што сакам да ја потврдам од дискусијата на господинот Наумовски е исто така и мое мислење и сакам да потврдам дека охридската полиција ги обезбедуваше двете изборни

места во текот на изборите и на барање на општинската комисија, на сите барања полицијата реагираше благовремено. Доколку тоа не се случеше ние немаше да имаме завршување на изборниот процес на прегласувањето на 8 октомври во Охрид. Обвинувањата дека криминалци под закрила на охридската полиција не стојат, бидејќи ако не беа таму полицајците не ќе имаше еден повреден од огнено оружје, туку незнам колку ќе имаше. Огнени оружја имаа и вашите активисти. И тоа прашање се поставува. Но, тоа е една случка која нема никаква врска со кандидатот за градоначалник господинот Никола Наумов, ниту претпоставувам со кандидатот Никола Рилковски. Тоа се работи кои што треба да седнеме еднаш отворено да ги отвориме сите прашања и да сфатиме навистина до каде е границата, до каде таа црвена линија на партиската определба и на партиските амбиции. Изјавите дека Охрид мора да падне доаѓаа од ваша Страна, изјавите дека Охрид мора да падне вие велите дека доаѓаа од страна на ВМРО-ДПМНЕ и ДА, јас не можам да негирам и нема да негирам дека ДА учествуваше во текот на изборите потполно рамноправно со ВМРО-ДПМНЕ на сите активности освен на овие активности кои што се за жал несреќни околности.

Значи, треба да седнеме и да видиме до кога и до каде ќе ги караме луѓево едни со други, до кога ќе ги ставаме во ситуација да не зборуваат мајка со син и обратно, до кога ќе ги ставаме братучеди да се едни за едни, други за други и тоа така да се вжештува, да се вжештува, да се вжештува за нашите партиски амбиции да ги оствариме по секоја цена. Тоа е клучното прашање што треба да го даде, ако го даде оваа седница тогаш ќе биде плодно. Доколку не го даде, тогаш мислам бадијала седиме овде и бадијала не гледаат и граѓаните и не ќе има никаков ефект. Секогаш во кавгите, во расправиите мора да има две страни. Никогаш нема кавга од една страна или само еден се кара, нема со кого да се кара, треба да има и од другата страна некој друг, така да ако треба да се поднесува некаква одговорност, некаква велам условно, бидејќи треба да се поднесува, но елементите и степенот на таа одговорност треба да се распредели навистина рамноправно, а не да се напаѓа едната страна, а другата страна да се става во улога на жртвени јариња. Не беше токму така, не беше, вие знаете дека не беше така.

На крајот, сакам да го кажам ставот од ДА и мојот личен став. Сите овие настани во прегласувањето во Охрид не придонеса на резултатот, бидејќи се случија некаде од 300 метра на изборното место.

**ИЛИЈА ПРАНГОВСКИ:** (Продолжение)

Ставот на ДА е јасен. Ние, како политичка партија ниту досега сме биле дел од некакво политичко насилство, ниту понатаму ќе бидеме дел од тоа насилство, ниту ќе учествуваме во такво насилство, изразено и манифестирано во било која форма. Во секој момент можеме за тоа да разговараме и апсолутно се оградуваме од сите настани што се случија во Охрид. (Дофрлање од место).

Не се повлекува Алтернативата, таа во Охрид е многу значаен политички субјект, тоа го знаете многу добро, со двајца пратеници. Меѓутоа, не се оградуваме како што некои од медиумите тоа го пласираат, меѓутоа, јавно сакам да кажам дека не сме имале никакво учество во тие работи.

На крајот, да се договориме и така да завршат работите, бидејќи многу е тешко кога виновниците ќе се бараат и кога виновникот ќе бара други виновници, помалку виновни од него. Треба да бидеме свесни дека тоа што се нарекува македонски патриотизам не се гради само со пушки, со оружје, туку и со однос кон сопствените граѓани и со однос кон политичките противници, на крајот, политичките партии со почит. Тоа е патриотизмот. Тоа е израз на почитување на сопствениот народ и на различните мислења, различните опции. Впрочем и ако победи овој пат во Охрид градоначалникот од позицијата, на Охрид нема ништо да му фали. Еве претходниот мандат беше од Социјалистичката партија, ваш беше, претходниот мандат беше повторно ваш, нека биде еднаш од позицијата.

Благодарам на вниманието.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господинот Илија Илоски реплика.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, со нужно внимание го слушав говорот на мојот колега Пранговски и морам да признам дека сум непријатно изненаден, бидејќи преку 70% од неговиот говор се однесуваше и беше упатено кон тоа што јас го изреков овде за охридските настани од оваа говорница. Сакам само да го потсетам дека во ниту еден момент, ниту него како личност, ниту неговата партија како политички субјект на тој простор, ги спомнав дека се виновници на охридските настани, условно кажано. Затоа зачудува фактот што толку време самиот овде се трудеше да докаже, дека

нити тој е виновен, ниту Демократската алтернатива за тоа што се случи во градот.

Меѓутоа, не можам да му опростам на неговата конфузија што го има зафатено само за неколку дена од она последно реплицирање во оваа сала, дијалогот што го имаше со мене каде што ги потврди неговите тези за неговото, условно, неучество, сега, денеска да кажува дека тој презема солидарно емство со неговиот политички партнер, т.е. ВМРО-ДПМНЕ од Охрид. На тоа јас не можам ништо ниту да додадам ниту да одземам, едноставно господине Пранговски вие го признавте вашето учество во Охрид, бидејќи на неколку пати во вашиот говор потврдивте дека активно сте учествувале во сето она што се случуваше во градот и едноставно, на почетокот и на крајот говорите дека јас како пратеник, Илија Пранговски, ниту бев на едното, ниту бев на другото место, ни активистите од ДА ниту беа на едното, ниту беа на другото место.

Ако говорите во функција на тоа дека вие, како видна политичка фигура, како пратеник од ДА не сте биле таму, јас одговорно тврдам дека ниту еден од нашите политички активисти кои се или во врвот на партијата или кандидатот за градоначалник или јас како пратеник исто не бевме на тие избирачки места, меѓутоа сме сведоци за тие немили настани што се случија.

Подобро ќе беше за вас, едноставно оние тези што ги државте од пред неколку денови во Парламентот и како партиски став и како личен ваш став да го задржевте и денеска и само така охридската јавност ќе ве прифатеше, дека искрено говорите од оваа говорница. Не може, на крајот на краиштата сите да ги измиеме рацете овде и дека никој за тоа што се случи, не е виновен и едноставно патриотизмот да го градиме на тезите дека ќе почнеме политички дијалог, ќе почнеме да разговараме едни со други и да се дружиме како што и претходно и сме се дружеле што не е ни спорно, а детето сеуште се бори за гол живот и сеуште не се знае дали виталните функции ќе му се вратат.

Од друга страна, ги испобркавте тезите, кога велите дека сте не фатиле во небрано, како го крадеме грозјето помеѓу двата круга, заборавајќи притоа да кажете дека клучниот момент за да настане она што настана е вториот круг на гласање кога, навистина, јавно тоа се призна од оваа говорница разликата од скоро 2500 гласа се истопи на 250 гласови.

Вториот круг намерно го спомнувам и потенцирам, бидејќи тогаш бевме сведоци на еден класичен криминален акт, каде што во суштина се прекршија сите оние права од изборните закони што се дадени на граѓанинот да излезе како нормален субјект и да го оствари своето гласачко право. Тогаш и од записниците од ИО и од Решението за поништување од ОИК и од Апелациониот суд во Битола, беше потврдено како гол факт, дека вооружени, маскирани лица влегле во избирачкото место во Хотел "Магнус", ги заробиле членовите на ИО, стоеле со полуавтоматско оружје на слепоочница и ги принудувале да потпишат записници, што не одговарале на фактичката состојба на избирачкото место.

Ве прашувам јавно пред целата македонска јавност, особено пред охридската, зошто влегле, кога толку бевте убедени дека изборите ги добивате и дека ние не сме биле организирани помеѓу првиот и вториот круг, вие сте успеале да ја стопите таа разлика од 2,5 илјади гласови на само 250 *к* со тие 250 гласови, мислејќи дека ние ќе победиме, на вториот круг не преземавме апсолутно никакви активности на теренот за да ги зачуваме, пред се, физичкиот интегритет на оние луѓе кои се наоѓаа внатре во избирачките места. Тоа е првото прашање, зошто извршивте оружен упад и доколку ова што го кажувате, бевте логистичка поддршка на сите овие настани, и како човек и како политичка партија, зошто сте учествувале во тој вооружен напад со маскирани лица, што е дефинитивно потврдено.

Сакам во овој момент да ве потсетам дека овие денови, вчера завчера, овие три изминати дена, додека овде расправаме и додека се трудиме на излеземе на една виделина утре да не ни се случува ова што ни се случи, не дај боже повеќе да ни се случи, се вршат невидени притисоци луѓето кои ги имаат дадено тие искази, зборувам за вториот круг од Хотелот "Магнус", да ги сменат инаку ќе бидат или убиени или куќите ќе им бидат запалени.

Кого вие овде штитите господине Пранговски со вашиот политички партнер од Охрид? Тие што сега вршат притисок дека ќе им ги палат куќите ако не ги сменат исказите? И, од трите дадени искази, на кои им е стоено со пиштол во слепоочница, двете жени го имаат променето исказот. Вториот човек ниту вие, ниту ние знаеме каде се наоѓа во моментот. Тоа е човекот кој пишуваше отворено писмо до јавноста. Кој, поради тоа отворено писмо не може да ја повлече таа изјава, бидејќи истото го тврди пред нотар под потполна материјална и кривична одговорност. Се запрашувате ли

каде е неговото дете? Навистина, овие три дена не знаеме каде се наоѓа неговото дете.

Убаво е да се излезе на оваа говорница и да се ставате во улога на арбитар, малку едниот, малку другиот е крив. Дали се ставате во улога на родителот кој не знае три дена каде му е детето, под овие невидени притисоци дека неговиот татко, кој беше заедно на тоа избирачко место треба да го промени исказот? Значи работата во Охрид си ја продолжувате по старо. Никого за тоа ни совест не го гризе. Знаете ли дека на мојот мобилен телефон имам десет закани до сега. Јавно прв пат проговорувам иако не сакав воопшто да зборувам. Се дрзнуваат да ми кажат во овој Парламент, каде ми е основната функција каде што го вадам лебот зошто сум проговорил во мојот основен говор, на една од минатите седници, зошто сум смеел тоа да го кажам. Замислете, како нешто да измислив, како од небо паднат да дојдев на оваа говорница и да лупав глупости овде. Јас ги читав сите овде, фактографски, наведени белешки и од судиите и од избирачките одбори и од записниците што беа потпишани и од страна на позицијата. Значи, ништо не измислив.

Вие не се прашувате каде е таа наша лична сигурност и безбедност, не се прашувате дали јас овде додека говорам умот ми е кај моите две деца. Знаете, како мечки заштитени шетате таму по чаршијата, вие од позицијата кои полицијата пред вас, зад вас ве штити. Не знаете како ние се чувствуваме сега. Тоа е патриотизам господине Пранговски, ако не друго барем да се чувствувате со оној родител таму кој не знае каде му е детето три дена. Тој мисли дека е скриено пред притисоците, татко му се крие на други места, и ние не можеме да го најдеме во овие два дена, затоа што од минута во минута тие притисоци продолжуваат. Ако овие факти се земат како гола, нoторна вистина, навистина треба да се срамите да кажете дека тие пукотници биле 300 метри подалеку. Во Законот пишува до 100 метри дозволено присуство на луѓе и дека тие не влијаеле на севкупниот резултат.

Сфатете еднаш дека и ние општинското раководство на партијата и врвот на СДСМ и самиот кандидат за градоначалник, воопшто не му требаат повеќе избори во Охрид. Разбирате или не. Не му требаат воопшто. Затоа што од вчерашното прегласување на неколку места, да ја спомнам Струга, Маврови Анови, ние сме сведоци дека без разлика што ќе одлучат судиите во Апелациониот суд, кои го вратија предметот на повторно одлучување на ОИК, без разлика што ќе одлучат, свесни сме дека повторно истиот терор ќе се направи таму. Воопшто нема дадено никаков налог, на ниту еден наш гласач да оди да гласа таму, да му ја носиме повторно главата во торба. Како сега заклучувате на оваа говорница, тие пукотници, тие гнасотилоци што се правеа во вториот и третиот круг, апсолутно немаат никаква врска со изборниот резултат. Едноставно, вашата теза беше дека толку сте се измобилизирале и сте ја стопиле таа разлика, фаќајќи не нас дека сме заспале таму и не знаеме како работиме со електоратот. Навистина немата право на тоа и очекувам дека ќе дадете одговор каде се луѓето над кои дефинитивно се врши невиден притисок да ги сменат исказите и второ, да дадете одговор на едно многу битно прашање, на едно кривично дело што е направено и што никогаш нема да застари, без разлика дали дошло до прегрупирање на силите во Парламентот, дали оваа Влада ќе падне, дали нема да падне, дали после сто години некој друг ќе се врати. Вие треба да одговорите кој ги фалсификува 200 лични карти, зошто се одлучивте на таков груб фалсификат. Да докажете зошто новоизбраните судии, само на една изјава од полицаецот на кого со записник му се предадени четирите лични карти, успеал да ги загуби дадените лични карти од Хотелот "Магнус" до општината т.е. до седиштето на ОИК. Замислете, врз основа на што ОИК го потврди резултатот, затоа што полицаецот во писмена форма изјавил дека четирите лични карти кои биле фалсификувани, едната дури не била ни потпишана од овластено лице, само имала печат на МВР Охрид, ги загубил во гужвата. Која гужва, кога сабајлето му биле предадени, кога немаше никаква гужва. Гужвите настанаа отпосле.

Немаме простор да го спориме охридскиот случај и дај боже да најдеме доблест,човечка, политичка да излеземе на чистина. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Реплика има господинот Пранговски.

**ИЛИЈА ПРАНГОВСКИ:**

Навистина ми е непријатно што на некој начин се негирам со почетокот на дискусијата со оваа реплика сега, бидејќи сакав да избегнам секаква реплика на реплика. Меѓутоа, го чув господинот Ило Илоски, бидејќи ме праша, јас морам директно да одговорам.

Во врска со конфузијата, претпоставував дека ќе добиете таков заклучок, бидејќи имав можност само на мала реплика, а вие си добивавте можност за дискусија, колку реплика толку дискусија.

Јас тогаш кажав дека треба да знаат сите дека како што секаде беше ставот Коалицијата за промени ВМРО-ДПМНЕ и ДА на локалните избори учествуваа заедно. Секаде во Македонија. Јас кажав втора работа дека ДА во Охрид го одработи својот дел чесно и поштено на терен, и нема никакво учество. Јавно и одговорно тврдам а не се вадам, не се бранам, него сакам да ви ја кажам вистината, а вие повторно сакате да ме вовлечете во реплика во кои што сакаме да правиме повторно поени. ДА во Охрид нема никаква, ма апсолутно никакво учество во тие настани. Не е соучесник. Соучесници сте вие. А јас не се ставам во улога на арбитар. Јас ви кажав дека во 13,30 сите активисти беа повлечени од изборните места, бидејќи постоеше опасност да ескалира, како што ескалира. Беа повлечени заради безбедност нивна. Зошто вие не ги повлековте. Зошто на тоа прашање не ми одговоривте. Јас ги повлеков лично ако сакате да ви кажам. Бидејќи знаевме дека според одзивот дека ќе биде резултатот добар. Се оградувам од настаните на вториот круг на прегласувањето, се оградувам бидејќи охридската ДА и јас лично како претседател на тој круг и како шеф на изборниот штаб, немам ништо ама баш апсолутно никакво учество во тоа. И нема ни да имам никогаш во такви активности. Кој го правел тоа и зошто го правел затоа преска кажаф, дека Парламентот го претвораме во судница, а судовите ги претвораме во нешто сосема друго што не треба, затоа преска кажав дека не треба да изиграваме судови и судии, дека треба да извлечеме една општа и генерална порака против сите обиди на секаков вид на политичко насилство и малтретирање.

Но, не прашавте трета работа. Што е со детето од таткото. Колку што знаете вие, толку знам и јас. Но сега ќе ви кажам нешто друго. Јас ако е таква случката, јас навистина се извинувам дека незнам за тоа. Сега тоа треба повторно ли ние пред македонската и општинската јавност да го истражуваме, да го испитуваме. Вие тврдите дека е незнам како, што се случило, дека е киднапирано детето и незнам што, а јас не можам во овој момент да ви одговорам, бидејќи незнам што се случило. Но, сега ќе ви кажам. Четврток, 5 октомври, 17,00 часот, изборно место "Братство" Лескаица 1263, предизборен митинг на опозицијата За Македонија. Во 17,00 часот вечерта поминува со такси, со неговата сопруга член на ДА заради неговиот авторитет и интегритет и достоинство ќе ги кажам само неговите иницијали Б.П. на 58 години човек, ваши активисти поранешни директори ваши, во ЕМО ќе ги кажам и нивните имиња и презимиња, но само иницијалите ќе ги кажам да ги знаете кои се, го застанаа човекот му претеа ли? На 8 октомври сабајле во 1263 на изборно место, одат луѓе на гласање вашите активисти не мажи, жени, ако не гласате за нашиот ќе ве изрешетаме. Како што имате вие факти така и ние имаме некои факти. Ве молам, а јас ви кажувам дека во првиот круг ја завршивме кампањата така како што сакавте да ја завршиме со порака што се вика пејсаж и охридски пејсаж. Без никаква намера, интенција работите да се заоструваат. Јас навистина жалам понекогаш што не можеме да се разбереме, меѓутоа ако останете и понатаму на тие тврдења не знам што друго можам да ви реплицирам, всушност јас сакав само да кажам дека никогаш нема да се согласам со овие методи и никогаш не сме ги применувале тие методи, но одговорноста за тие работи не е само на едната страна туку е и од другата страна. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Во кој контекст господине Рубенс се јавувате и за кого?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Добро. Нема коалиција, има дискутанти, кои настапуваат.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Зошто мене не ми давате реплика?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За збор се јави пратеникот Рубенс Наумовски.

**РУБЕНС НАУМОВСКИ:**

Видете, јас морам да се јавам во секој случај, бидејќи со својата невнимателност и понатаму продолжи господинот Илија Илоски. Пред целата македонска јавност и пред сите пратеници, упатува прашање кое оценив дека е упатено и до мене и до господинот Илија Прангоски. Каде се сега и таткото и синот? Ние да му одговориме на ова прашање, што дефакто значи обвинение и према ВМРО-ДПМНЕ од Охрид и према господинот Прангоски Илија или Демократска алтернатива. Без малку, тоа значи тврдење дека ние сме директно вмешани и сме преземале нешто што значи исчезнување на овие луѓе. А, јас исто како и

Прангоски сега слушам првпат дека тие луѓе ги нема. И прашање е дали е тоа токму така, како што тврди господинот Илија Илоски. Па, ова веќе навистина на ништо не личи. Има толеранција до едни граници. Ако сакате да влеземе во борбена формација, ќе влезам, ама не е добро. Сосема и крајно е непринципиелно кога поставувате прашање до мене и до Пранговски да одговориме, каде се луѓето што исчезнале. Тоа е невозможно. Морате да имате малку чувство и пристојност. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Илија јавете се, затоа што баравте процедурално.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Не процедурално, барам реплика.

Јас, навистина, се извинувам и на двајцата пратеници, ако себе си, се препознале во мојата порака. Не може никој да ме стопира повторно да прашам, треба да кажат каде овие луѓе три дена се кријат од оние невидени притисоци што ги вршат да ги сменат исказите. Инаку, ниту во еден момент, да бидам искрен, и пред јавноста и пред себе, ниту помислив персонално некого тука да го лоцирам, дека тој е виновникот, да знае каде се или не. Комплетно сум свесен дека ниту едниот, ниту другиот знаат каде се, како што јас незнам. Ниту, се вплеткани во тие притисоци што се прават како личности. Меѓутоа, лобистичката поддршка и пораките што им се упатуваат на тие што го направија неделото, вие терајте по свое, ние стоиме како власт зад вас, си продуцираа од ден на ден, се потешка и помачна ситуација во градот. На крајот на краиштата јас го имам тој хендикеп, дека овде мора да говорам и веќе на македонската јавност и станав досаден и да реплицирам на четворица од градот, каде што и основна тема на дискусија во овој Парламент е точката на дневен ред, тоа се охридските настани. Но, тие се хендикепирани од друга страна, што вистината е она што јас говорам. Мислам дека македонската, поготово охридската јавност е свесна за сите оние постапки и говори овде што ги правевме, без разлика дали се чувствуваат некои обвинети, некои навредени, некои се пофалени дека биле вакви или такви.

Затоа, повеќе не би сакал да дискутираме на оваа тема.

Се оградувам натаму било што да се упати на моја адреса, не би сакал да реплицирам. А, кога веќе го слушнав ова и целокупната македонска јавност, бидејќи се партии на власт, тие ја водат државата, тие одговараат за редот и поредокот на државата, нека испитаат каде се луѓето и нека престанат еднаш овие невидени терори што се вршат врз нив. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Реплика, Илија Пранговски.

**ИЛИЈА ПРАНГОВСКИ:**

Без намера повторно да се вовлекуваме во непријатни ситуации, мило ми е што господинот Иловски го изрази својот став дека повеќе нема да реплицира, а и јас нема повеќе да реплицирам. И, во интерес на смирување на духовите и страстите, молам и така да заврши овој дел, бидејќи можеме ние овдека да си зборуваме што сакаме, како сакаме и колку сакаме но за жал, се случува последиците да ги сноси некој друг или трет. Лично мене ми е жал ако тој имал такви закани, а не верувам дека имал такви закани, можел да ми каже и надвор, но не овдека пред говорница. Но, во ред е, ако имал такви закани има луѓе и од едната партија и од другата, меѓутоа, тоа не може да се генерализира. Пред малку кажав кој ужива во овие реплики и кои се тие кои што уживаат, а тоа се оние кои партиски се најдлабоко задоени. Инаку, веќе на граѓаните на Македонија не да сме им досадни, туку не сакаат повеќе да не слушаат. Меѓутоа, ќе завршам со оваа реченица, во интерес на вистината, јас како учесник во таа активност во изборите, морав да ја кажам онаа работа што се вика вистината и моето видување. Дали тоа го погоди некого посебно или не, немав намера да навлегувам во реплика, но и понатаму тврдам дека тоа е вистината. Се оградувам повторно од сите настани, кои што се случија и во кои што ДА немала, ниту ќе има некогаш некакво влијание. Апелирам до сите конечно да превлада разумот во Охрид, бидејќи Охрид и треба да добие градоначалник. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам.

За збор се јави господинот пратеник Нано Ружин.

Пред да започне пратеникот со неговото излагање, дозволете да ви соопштам, овдека има согласност, барање од мене е, да дозволам да, се промени редоследот на говорници. Наместо Радмил Шеќеринска, која е сега по ред трета, да говори господинот Нано Ружин, кој на списокот е 27-ми. Сами направиле промена на распоред и јас го почитувам.

Повелете господине Нано Ружин.

**НАНО РУЖИН:**

Благодарам, потпретседателе, јас имам една молба и ве молам да ги ограничите репликите, како што е договорено, бидејќи не само што одредени реплики и досадија на јавноста, туку и на нас пратениците. Бидејќи сите имаме право да кажеме нешто и не можеме целата оваа седница да трае низ реплики.

Јас нема да зборувам за тоа кој е тепан, кој е виновен кој удрил, кој направил нешто итн., затоа што мислам дека веќе, навистина, станува смешно да зборуваме за такви работи, дури ќе се потврдиме во некои негативни атрибути што ни се припишуваат како Собрание.

Ме чуди што нема малку позитивна енергија, што би рекол господин Трајковски, во сите овие реплики, разговори итн. Меѓутоа, она што ми остана во сеќавање се констатациите на некои пратеници, пред се, од власта, кои што често ја повикуваат демократијата на помош велејќи демократијата победи во Македонија, во Струмица итн. Навистина, зборче со кое што многу се манипулираше, но ќе ве потсетам дека и во такви системи, кои што често пати имале проблеми со демократијата, често велат демократијата победи. Во Катанга во 1961 година потполковникот Касавубу исто рече, во Катанга победила демократијата. Неговиот наследник Моис Чомбе тоа ќе го повтори. Мобуту Сесесеку, исто така ќе каже во Катанга, односно во Конго, Киншаса победила демократијата и народот. Сето тоа, низ сите овие африкански земји ќе се повторува како еден слоган, сите велат демократијата победила и во Струмица велат, демократијата победила и во Охрид и во Дебар и во Рашче и во Лабуниште и во Радовиш, Конопиште, Кондово инт., на секаде победила демократијата. Веројатно, една констатација која што се повторува во земји кои што имаат проблеми со демократијата.

Од друга страна, благодарение на овие настани кои што ја возбудија македонската јавност, навистина, се зголеми интересот на истата таа јавност за политиката за тоа што ни се случува на нас.

Меѓутоа, ќе тргнам од две концепции за политиката, две крајни концепции. Едната е дека таа е исполнета со етика, со примена на моралот во водењето на општеството и со однесувањето во тоа општество.

Втората е екстремната исто од другиот крај и дека помалку или повеќе учениците на Макија Вели, за нив политиката е исполнета со подлост, злоба, насилство, фалсификати, политички лаги. Во рамките на овие два екстремни случаи, обидете се да ја препознаете македонската политика, однесувањето на нашите политичари и политичките партии.

За мене како еден вистински политички флеш се случија овие избори, меѓутоа и сето тоа што им претходеше и што им следи сеуште. Се зборуваше за одговорноста за насилствата во нашето општество, за прашањето, кое што исто така за жал, можеби некако стои односно не излегува во прв план, тоа е односот, односно она што му се случи на ВМРО-ДПМНЕ со ВМРО-ВМРО.

Третото прашање на кое што ќе се задржам, тоа е за можниот дијалог. Едно прашање кое што исто така лебдеше на оваа седница кое што провејуваше во одредени настапи на политичари, пишани текстови итн.

Во однос на одговорноста, се споменуваат три тези.

Едната, која што доаѓа од страна на владеачките партии, која истакнува дека СДСМ е целосно одговорна за насилствата што се појавиле на неколку изборни места.

Втората е, она што, главно, ја заговараат ДА, се бара симетрична одговорност на двата политички субјекти односно опозицијата и владините партии. Третата која е целосна, бараме целосна одговорност на власта.

Првата теза дека опозицијата е крива за насилствата е навистина смешна. Јас никого не сакам да го навредувам и да го товарам дека е политички пион и има одредена политичка миопија, меѓутоа, навистина е смешно да тврдите, а имаше такви, кои што велат дека СДСМ е главниот виновник за она што ни се случуваше.

Од другата страна, тезата за симетрична одговорност е можеби е од политички аспект прифатлива за некого, доколку сте, еве, од ДА, на пример, помирливи тонови итн., или на оние што сакаат да килибрираат во политиката, па да кажат дека практично двете страни се симетрично одговорни. И, точно е, за љубов се потребни двајца исто како и за тепање. Меѓутоа, ако ги сведиме крајните резултанти на сето тоа што се случи, ќе видиме дека претепаните, повредените, незадоволните, се сепак, од страната на опозицијата. Еден пример за скршено возило, за повреден човек, за некој каде што е направен некој фалсификат, не произлегува од страната на опозицијата.

Сите примери се однесуваат, оние кои се натепани, кои се повредени, се всушност луѓето од опозицијата. Мислам, дека тезата околу симетричноста во таа насока, навистина, не држи. Но, сепак, не сакам да кажам, еве, па сега гледам црно-бело. Точно е, сметам лично дека имаше мала одговорност и на СДСМ, односно на опозицијата. Меѓутоа, таа одговорност не може да се мери со она што беше одговорност на партиите на власта, пред се на ВМРО-ДПМНЕ и на власта. Доаѓаме до прашањето, кое што, навистина беше мошне т.е. се случи во еден момент, можеби во одредено затишје, тоа е за менувањето на ВМРО-ВМРО од страна на најголемата политичка партија на власта.

Јас сум зачуден од полузаинтересираниот однос и на интелектуалците и на политичарите, па и на политиколозите околу овој феномен, кој што ни се случува првпат во оваа форма. Ќе се сложите со тоа најголемата партија на власта ВМРО-ДПМНЕ е најголемиот губитник. Зајакнуваат позициите на ДА. Меѓутоа, она што малку од вас го размислуваат и што мора на овие луѓе да им се признае, што нивниот чекор надминува еден обичен политички процес. Тие луѓе се дрзнаа, во времето кога можеби имале најголеми можности да останат и натаму да профитираат од владеачката позиција, сепак, отидоа во опозиција. Тоа е голем поен, можеби, покрај сите овие негативни појави за демократијата, голем поен за демократијата плус. Меѓутоа, верувајте, колеги, ја кажа господинот Прангоски онаа библиска поговорка, како ќе се однесуваш така ќе ти се враќа. Јас кога се насмеав мислев на тоа. Иако во Охрид има многу библијци, мислам луѓе кои што постојано вадат тези од библијата итн., јас би кажал дека односот на пратениците од ДПМНЕ кон овие луѓе беше навистина повеќе од скандалозен. Вие тоа сите го знаете. Ве молам, ако господинот Трајановски кој што дискутираше и другите, имајте доблест, имајте разбирање, немојте да ги гледате вашите тесни политички припадности, кога дискутирате за тие луѓе, за нивните семејства, за масата луѓе, за толпата која што дојде и која што практично ги стави во еден вид заседа. Тие беа луѓе политички уценети. Не заборавете дека тие се пратеници. Не смееме да дозволиме врз нивниот пример тоа да се повтори. Политиката е, сепак, еден процес и таа поминува, меѓутоа, остануваат лузни на тие луѓе.

Затоа, кога зборуваме за дијалог и за демократија, дијалогот претставува и респект на тие луѓе таму, кои што се борат. Видете, тука не сакам да кажам, ќе кажете субјективен е, не сакам да мислите дека зборувам како СДСМ, зборувам чисто како граѓанин на Република Македонија.

Во однос на нешто што се вика дијалог. Овдека од неколку пратеници беше спомнат како едно излезно решение. Ја сум од оние, исто така што сметам дека дијалогот е можеби еден и можеби единствениот излез од оваа заклучена политичка состојба, каде што нашите лидери воопшто не дијалогизираат. Господинот Котевски, прво, зборуваше за фашисоидна кампања, а после вика сакаме дијалог. Но, денеска вика, ама вие зборувате за сталинизам. Јас се чудам и велам, иако ни е добар пријател, заедно одиме во разни делегации, сепак, мислам дека тоа е неправедно. Впрочем, незнам дали знаете што е тоа фашизам. Зборот доаѓа од античкиот израз фашист, што значи снобче со секира, кое што го носеле римските војсководители, за да биде еден вид симбол на нивната сила и моќ. Оттука, после е изведен во движењето на Мусолини, каде што се употребува како зборче.

Дијалогот на политичките лидери, ако можеме да го посакаме, треба да го посакаме на оваа седница, која што е мамутска. И, верувајте ми ако бараме одредена резултанта во сите овие три недели, колку што ќе трае и четири недели јас се залагам да излеземе, исто така и со убедување, можеби и со пишан текст или како сакате, да придонесеме во тој дијалог на лидерите, бидејќи е смешно, во една мала држава од 2 милиони луѓе, нашите први луѓе не комуницираат. Тие, всушност се мразат. Овој дијалог не претпоставува дијалог меѓу Љубчо Георгиевски и Бранко Црвенковски само, туку дијалог и меѓу ПДП и ДПА и меѓу сите овие што сметаат дека се демократи. Меѓутоа, господа дијалогот е една наука, не, ајде ни текнало па ќе одиме на дијалог. Дијалогот се подготвува и од тој дијалог никој не треба да излезе ниту повреден ниту фрустриран, ниту да има одредени политички поени.

Дијалогот не значи кога ќе имате дијалог, а после да кажете, ама јас ви удирав четки. Дијалогот значи вие да го респектирате вашиот политички противник и оставајќи простор и натаму вие да го продолжите тој дијалог.

**НАНО РУЖИН:** (Продолжение)

Како можат во најекстремно спротивставените држави на Блискиот

Исток луѓето колку толку пак, и тоа каде што паѓаат жртви и тоа во многу поголем број, да воспоставуваат дијалог, свесни се за дијалогот. Да не ви кажувам за демократските системи од стилот на Франција или било кој, ги гледаме Жоспен и Ширак на секоја средба и разговараат, се обраќаат еден кон друг. Така, дијалогот треба да го практикуваме.

Меѓутоа, што мислите кој треба да го иницира дијалогот. Обично во војната, кога некој веќе е во безизлезна состојба, дијалогот го иницира оној кој мафта со белото знаме. Меѓутоа, во нормалните политички системи, каде што постојат политички партии, каде што постојат парламенти, или пак каде што постојат мнозинство и малцинство етнички, дијалогот секогаш го иницира оној кој е на власт, оној кој е посилен, затоа што на тој начин ќе докаже дека нема комплекси од другиот, а впрочем е и смешно оној што е во позиција или има послаб, на пример земете етничките Албанци и ние, Албанците постојано бараат дијалог, а ние го вртиме грбот. Дијалогот секогаш треба да произлезе од оној што е во поповолна состојба. Во поповолна состојба во овој миг, барем институционално, е ВМРО-ДПМНЕ и мислам дека треба да се одржуваат такви дијалози меѓу сите што се спротивставени за доброто на овој Македонски народ.

Со оглед дека навикнавме на долги дискусии, јас ќе дадам мал придонес сега, дослушајте ме уште малку. Ќе кажам неколку зборови сега за изборите, меѓутоа ви реков дека нема да зборувам кој тепал итн.

Денес е 23 октомври 2000 година. Меѓутоа, за аналитичарите кои настојуваат историјата да ја гледаат низ разни настани векот XX-ти започнал во 1914 година со она што се случи во Сараево, а пак XX-ти век завршил во 1989 година со рушењето на Берлинскиот ѕид. На Балканот изгледа сеуште XX1-от век не е дојден, вклучувајќи ја и Македонија. Како што покажуваат и индикациите, во Србија на 5 октомври 2000 изгледа се случи почеток на XXI-от век. Кај нас ние сеуште имаме проблематични демократски односи што најдобро се гледа на изборите кои сега ги завршивме и сеуште траат. Видете, ќе кажете некои победија или изгубија, па не се задоволни заради тоа. Јас сум незадоволен заради фактот што тоа го повтори овде Карангелески, што утре кога ќе одиме да бараме Македонија да влезе во Европската унија, во НАТО, секогаш ни се потсечени крилјата кога зборуваме со странците, дури некогаш сакаме порозова да ја направиме работата отколку што е, само за да можеме побрзо да одиме кон Европската унија и НАТО, да имаме подобар рејтинг. Но, за жал, тоа што се случува, тоа што се гледа на медиумите, телевизијата итн., тоа го гледаат и другите. Шиканирањето на пратениците од ВМРО-ВМРО еве од овдешните странски известувачи вака го нарече: "организирани спонтани протести"- нелогична реченица, меѓутоа која кажува многу. Затоа, да не ни се повтори тоа.

Други 3 аспекти кои произлегуваат од овие, според мене, флеш настани, од изборите е што во Македонија се создаде сега една двојна поларизација. Таа двојна поларизација дури се акцентираше, па дури таа се пренесе и меѓу албанскиот електорат. Непријателствата и негативностите толку доминира што дури верувајте зажалив што Парламентот не работи. Луѓето престанаа да зборуваат на улица, Парламентот им стана единствениот простор каде што ние од власта и опозицијата можеме да комуницираме меѓу нас.

И кога сите така занесени во избори и тепаници, ова и она, дали некој се сети, луѓе, каква ни е нашата социјална и економска состојба. Дали вие еве со мирна совест пиевте овде - и јас исто, не сакам вие, сите сме пратеници - кафе, а од друга страна луѓето од ФАС '11 Октомври" доаѓаат и се борат, што би рекол Иљо Иљовски за голата егзистенција. Дали некој помисли на економската и социјалната проблематика, на невработеноста или сите се занесовме, станавме професионални политичари, зборуваме за нашите, кои кого удрил, кој кого натепал, што треба да натепа, па овој му киднапирал, оној итн. Видете, истовремено имаме и реални проблеми кои веројатно се многу поактуелни за оној човек кој е невработен или кој што ризикува да не добие на следниот први плата или кој што работи во одредени приватни фирми по 12 часа и за тоа наместо плата добива кутија месо итн.

Затоа, дозволете ми да искажам дека јас не се согласувам ниту со она што ни се случи, ниту со огромен дел од вашите дискусии што прво ова е голем помак за

демократијата, меѓутоа, и со чинењето на овие седници кои перманентно се одржуваат, денес нашата држава се наоѓа поделена, луѓето се исплашени и со длабок емотивен набој и несигурност. Да не заборавиме дека Македонија е едно парче на Балканот кое сите го сакаме со оглед дека тоа е нашето живеалиште. Во оваа наша Македонија живеат кој се дел од нејзината историја, но во чии вени тече и македонска, меѓутоа и не македонска крв. Оваа наша Македонска држава, која ја сакаме е една суверена, независна, парламентарна - би требало според Уставот - демократија, збир на принципи и вредности кои создаваат еден морал заснован врз следните категории: слобода, рамноправност, лаичност, толеранција, соживот, дијалог. Реферирајте се во вашите дискусии, во нашите однесувања на теренот, дали ја респектираме нашата Македонија и нејзините основни принципи кога одиме да фалсификуваме избори, кога го навредуваме оној спротивниот од другата политичка партија, кој по дефиниција секогаш е тој виновен, кога се обидуваме да избегаме од реалноста, кога не можеме да се помириме со политичката победа на противникот.

Воопшто не сакам да почувствувате одредена патетика кај мене, но верувајте, како многу голем број на жители на оваа Македонија исто сум загрижен. На крајот, поучени од овие горки искуства што ни се случуваа на изборите, јас се прашувам како припадник на СДСМ каква ќе ни биде кампањата за следните парламентарни избори. Во мене тлее една дилема, можеби ќе немаме кампања, можеби нашата единствена кампања ќе биде легални избори. Ќе се срамиме пред Европа, ако целата наша кампања се сведе како што беше кампањата на Коштуница, затоа што таму навистина се зборуваше за власта на еден човек, за едно недемократско општество кое беше речиси блокирано од целиот свет. Дали ќе дозволиме и ние да го имитираме тој модел? Изгледа, според некои квантитативни податоци изгледа така ќе биде. Луѓето направија кадифена револуција со една жртва и друга жртва која од несреќен случај загина, загина од инфаркт. Кај нас еден човек исто загина од инфаркт на гласачкото место, другиот беше убиен, додека третиот - момчето сеуште се бори за живот.

Сега, по патот на Милошевиќ, Македонија останува бришаниот простор, каде што сите наши пароксизми, сите наши грешки, сите наши размислувања во стил - јас ќе ги зезнам овие моментално, па после ќе заборават - се во прв план. Така што, доколку сите заеднички не сфатиме во една земја се можни и политички промени, дека мораме да ја респектираме демократијата, ние ќе потпишеме можеби договорот за асоцијација и стабилизација, кој патем речено некои го грешат, мислат дека е Договор за асоцијација, кој што во многу се разликува од Договорот за асоцијација и стабилизација, и ќе талкаме во место, ништо не не спасува. Европа е сериозен партнер, таа не дозволува некој да ја лаже. Можете да ја излажете еднаш, може да ви прости заради некоја косовска криза двапати, меѓутоа, третиот пат не простува. Одиме по разни состаноци, еве ќе ви кажам дека имаше и присутни од вашите редови, какво е мислењето и на американците и на европјаните во однос на демократијата во Македонија, во однос на корупцијата во Македонија. Катастрофално. Затоа, имајте доблест, од себе сите да дадеме еден придонес за да нашите семејства, иднината, не се срами од нашето немање сенс за демократија, за битка против она што е негативно во општеството.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Реплика за господинот Ѓорѓи Котевски.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, мораме да се дообјасниме со професорот Нано Ружин. Јас навистина крајно го почитувам и како што кажа и во надворешни средби со други делегации секогаш се консултирам итн., меѓутоа, некои гледишта што овде ги кажува навистина не држат.

Прво, господине Нано Ружин демократијата не е расцутено цвеќе и сега можеш да го помирисаш, да го скинеш и да го ставиш во вазна да ти биде за украс. Демократијата е нешто што трае и нема лимити. Тоа постојано се гради и над него ние како политички партии треба да бдееме. Знаеш што е одеење господине Нано Ружин? Треба да одиме со сите сили, не само со законски проекти, едукација на сите луѓе да ги подучуваме што е тоа слободарство. Да знаеме да го практикуваме во државата, да знаеме да не сееме страв кај населението при било кои избори. Да му кажеме на народот дека навистина ние како политички претставници сме ваши луѓе кои ќе ги претставуваат вашите интереси, ќе ги браниме вашите интереси. Демократија еве сто пати го повторуваат - владеење на правото, а правото знаеш дека секој ден се

гради и нема крај и се надоградува. И те молам господине Нано Ружин, таа теза овде да ја исфрлиш на говорница дека во Србија со една жртва завршија сите процеси, а во Македонија сега ќе се отворат. Изборите какви беа во Србија, какви беа и завршија. Ние треба да кукаме на сопствениот гроб, што ни се случува нам овде. Да, тие ни се соседи, и други ни се соседи. Ние треба да водиме сметка за нашата држава, за нашиот граѓанин. И за нив во било кои меѓународни односи ќе водиме сметка, но такви заклучоци да вадиме дека таму процесот завршил, а во Македонија допрва со овие настани во локалните избори се отвора незнам каков процес. Секогаш ќе има и настани и зло дела, ќе има и виновни и виновници, но затоа постојат и затвори. Затоа постои суд, затоа постои полиција. Ако е толку идеална држава, ние не требаше апсолутно ништо од овие институции да имаме и да постојат господине Нано Ружин. Политичките партии имаат најголема одговорност за оваа работа и јас кога зборував за фашисоидна пропаганда или фашисоидни изреки и кога зборував и за Сталинизам, зборував заради тоа што таквите методи, дали вие ќе го наречете фашисоид, фашизам или Сталинизам, тоа е едно исто. Иста е тортурата врз народот, исти се нештата. различни се можеби личностите и методот со кој се постапува, кај едните една флоскула, кај другите друга флоскула врз која се врши терор над народот. Ние треба да ги избегнуваме тие работи. Јас затоа зборував на говорницата во тој дух. Дајте да најдеме излез од ваквата состојба. Всушност, да не се учиме секогаш на нашите грешки. Дајте малку да се учиме на туѓите грешки и еднаш ако направиме грешка, во таа иста грешка не смееме да влеземе. Ако влеземе повторно во таквата грешка, тогаш тоа докажува дека ние или не разбираме, или толку ни е умот, или пак со крајна тенденција тоа го правиме, за да направиме нешто што не треба да се случи во државата. Ќе ве молам, тоа не е едноставна работа вие да ми кажете дека во Македонија беше косовската криза, се случија настани, се случи палење на Американската амбасада и Скопје цело освана со 4 'С". Не можете вие тоа да ми го кажете дека во позадина не стои нешто тука. Не може во Македонија цело Скопје на сите ѕидови да се исшара со 4 'С", а вие да ми објаснувате дека еве овие се демократски процеси. Не, тоа е двоен аршин, двоен морал, двојно однесување. Таквите работи јас ги мразам и јас сакам да бидат оригинален. Да бидам искрен, кога нешто ќе ти кажам дека оваа работа ми е страна во животот не ја правам и не треба да ја правам, а не како тој што учел и советувал - не гледај ти јас како правам, гледај што ти кажувам, како те советувам, прими го советот. Јас често ја употребувам онаа изрека Бесете го брат ми оти мене ми се мели умот, не можам да висам на јажето. Таквите работи се минато. Ако сакаме ние да направиме нешто квалитетно, квалитетен кенгурски скок да направиме во Македонија, навистина ние треба да се слушаме, но квалитетно да се слушаме и да знаеме каде оди државата напред, не назад. Ако тогаш се разбираме во тој принцип дека поважна ни е Македонија, ни е подобра благосостојбата на граѓаните, социјалниот момент, вработување итн., на тие теми ќе се бориме, на тие теми ќе се натпреваруваме, колку ние ќе дадеме придонес како политичка партија додека имаме мандат да вработиме повеќе, да стартираме нови фабрики кои беа во стечај. Тоа е основата врз која граѓанинот ќе го прави кругот, а не кој повеќе има платеници, кој повеќе рекетари има. Тоа треба да биде минато.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Котевски, вашето време за реплика помина.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Еве, тоа беше мојата добра намера, да не ја извитоперувате мислата зошто фашисоидам, зошто сталинизам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Веројатно сега ќе се јави господинот Нано Ружин за реплика.

Си наметнавте теоретски прашања да ги расправате овде при одредена тема.

**НАНО РУЖИН:**

Јас ќе дискутирам две минути, не повеќе, затоа што имам чувство на солидарност и со народот и со вас овде, да не ги малтретирам луѓето.

Вие докажавте дека водата е мокра, со вашата дискусија всушност, што е навистина точно. Знаете што?

**НАНО РУЖИН:** (Продолжение)

Знаете што? Ова што се случи во Македонија и наштети на Македонија. Дали еднаш ќе слушнам од вас самокритика. Јас реков самокритика, дали еднаш ќе кажете: ние згрешивме таму, има дел од нашата партија, ако не е целата кој што има такви амбиции, се бават незнам со фалсификат, имаат воени формации, некои легендарни типови да не ги спомнувам по име кои што

влијаеја на овие избори итн. Па еднаш кажете го тоа. Па не можете вие да ме убедувате дека од една страна е белото, од друга страна е црното, иако и припаѓате на пр. или на белото или на црното. Па тоа е европскиот начин на комуницирање. Се прифаќам со критика. И ова што го кажува секој од вас и од нас го прифаќам со критика, затоа што тој навистина треба да ме убеди дека тоа е така. Во однос на овие прашања јас зборот фашизам забранувам да се употребува, барем на моите студенти како актуелност, меѓутоа ми се појавуваат и следните работи. Еден млад овде бунтовник нашиот македонски Џемс Дин, кој што е актуелен со своето досие сега се лути, со право се лути затоа што и јас сум против номенклатурите меѓутоа нека не заборави дека во Европа ако на некоја манифестација ви забележат една сенофобична, она со гасните комори итн. не досие, не ЦИА, нема да ви дозволат да излезете од Македонија. Тој пример го кажувам дека тој го направи, јас респектирам и симпатичен дечко ми е тој, да ви кажам, меѓутоа се бунеше оправдано заради една работа, едниот аспект. Меѓутоа, дали не замислил дека често пати меѓу младите некој може да ги искористи. Тој пример нека биде анти пример како младите не смеат да се занимаваат со ксенофобија, со расна не трпеливот итн. Ова е само како дел од оние принципи кои што не смееме да ги погазиме во нашиот демократски пат, ако сакаме да одиме во Европа. Знам дека и вие исто сакате да одите во Европа, меѓутоа методите кои што се употребуваат или кои што ни се блиски на едната, или", на другата политичка партија не смееме да ги практикуваме дури и по цена на краткорочното губење на одредени политички поени. Затоа придонесете во демократијата. Јас нема да ви кажам она како екологистите: имајте позитивна енергија, меѓутоа имајте респект и за својот политички противник и на теренот и за вашите сопартијци кои што си заминаа и за сите луѓе. Дали вие би учествувале во толпа пред зградата на некој човек кој што не е истомисленик. Јас се сложувам дека не. Меѓутоа знаете, и војсководителите не учествуваат во рововите, тие гледаат од позади. Кој е крив? Дали оној што пукнал, војникот, или оној што му наредил и што ја поставил стратегијата. Ние како политичари треба да се бориме против стратегијата и тоа е мислам ако сакаме да воведеме оваа држава малку да мрдне. А исто така знаете дека политиката е еден процес, доаѓаат заминуваат гарнитури политички итн. И сега во следниве две години да се обидеме, бидејќи може да дојде до промени на следните избори, да се обидеме да заличиме барем на полуевропски пратеници со респект, со достоинство без водење незнам подземни работи итн. А во однос на кампањата знаете што? Кампањата е прашање на една политичка партија. Ако таа сака да се идентификува како таква, таа ќе прави таква кампања. Вие не можете да и сугерирате на другата партија каква кампања ќе прави. Меѓутоа тоа народот одлучува. Ако некој повикува на нешто, народот ќе цени, односно да не дозволиме улицата да цени. Во Белград демократијата се случи на улицата, улицата процени. Ние не смееме да дозволиме во Македонија улицата да процени. Но, за тоа се потребни реални политичари и дијалог.

Ви благодарам и мислам дека нема потреба за реплики.

Да им дадеме можност на другите колеги чиј број е голем, тие да дискутираат.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас мислам дека оние што не се споменати, нека се воздржат од дискусија. Мене ми се допаѓа тврдењето на Нано Ружин ако е обострано, ако бараме одговорност секогаш друг е виновен.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван Нано Ружин, не ми беше намерата ниту да докажам дека водата е вода. Не го знам тој збор. Таа е вода, водена е. Ако ја разложите ќе има таму кислород и водород. Ќе докажат научниците и нешто друго. Не ми беше намерата тоа, ниту ми беше намерата да ви давам лекција каква кампања треба да води опозицијата. Јас ги гледам последиците. Последиците се опасната работа што се случи во Македонија, а вие заради вашата кампања, или заради незнам што друго ќе губите, или ќе добивате поени, тоа е ваш проблем. Но овде ние веќе со ваков однос на политичките партии имаме нешто како краен производ што лошо се одразува на вкупната состојба во државата и општиот углед на државата. И сега тоа треба да не замисли. Тоа е клучното прашање, како да најдеме заеднички јазик за да излеземе од на таквата состојба и на наредните избори да не ни се случи тоа, туку наредните избори да бидат за степен, или за скалило повисоки од претходните и така секогаш да исчекоруваме се понапред и понапред. Тоа е клучното прашање. Дајте механизми, дајте лост да ја помрднеме земјата. Ние ни лост бараме, ниту имаме умешност, а сакаме да ја помрднеме земјата. Тоа е прашањето. И околу оваа теза ние можеме сега и еден цел семинар да направиме и да се вклучат и

научни работници, социолози, политиколози, правници итн. Тоа е широка тема. Но, ние сепак го имаме главно политичкиот дел како политички претставници овде во Собранието на РМ, покрај оној законодавниот. И тука навистина нашиот збор се слуша и ние всушност правиме терор врз граѓанството, затоа што нашата привилегија е тоа сега да мора некој да слуша, или сака да слуша, ја имаме таа привилегија овде да зборуваме, но сепак треба да внимаваме што зборуваме и каде треба да го насочуваме граѓанинот во РМ и сите институции, а воедно и другите институции кои однадвор не следат и не гледаат и не пратат дали навистина ние имаме голема желба за да чекориме напред во тој демократски, или слободарски процес, а не да ме убедувате обратно. Ми велите зошто младиот Џемс Дин итн. имал досие. Па г-дине Нано Ружин јас те сметам тебе за голем демократ, да ми одговориш на едно прашање. Те молам уште ова и завршувам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Вашето време помина.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Кој имаше право после донесувањето на Уставот на РМ да прави досиеја кога тој процес вие веќе го затворивте со новиот граѓански Устав?

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Г-дине Ружин најпрво благодарам за убавите зборови што ги кажавте за мене, иако незнам дали ви беше намерата да прозвучат како убави. Јас сакам да се осврнам на три работи, еве накратко во овие пет минути реплика.

Прво во врска со протестите, морам да ви кажам дека си дозволувате премногу слободно да давате коментари и да врзувате зборови и тврдења за луѓе кои што не пројавиле воопшто такви ставови или ги кажале. Мислам тоа да го расчистиме, бидејќи јас ве слушам, јавноста не ве слуша, меѓутоа морам да ви кажам дека треба малку повнимателно кога се зборува за гасни комори и за смрт за незнам кој да настапуваме од говорница, затоа што не ви оди во прилог на тезата на дискусијата дека одиме на смирување на тензија. Обратно, се создава едно заострување на состојбите. И можам да ви кажам ако веќе јас коментирам за протестите можам да ви кажам дека од вашата гарнитура имаше луѓе кои што доаѓаа на тие протести како провокатори, кои што ги водеа тоа во таа насока тензиите. Затоа што вие како професор многу добро знаете дека една маса многу лесно може да се заведе, поведе и да застрани од поединци, не кажувам од кои, не кажувам дека тоа навистина така било, туку дека постои таква можност. Затоа да бидеме повнимателни кога даваме оценки за тие работи. Сепак, сметам дека треба на историјата да и оставиме да направи анализи, да даде свои оценки за тој настан кој што сепак беше. И гледам според она што се случува, колку е коментиран, сепак со историска димензија.

Втора работа, ќе ми простите можеби не ве слушнав, меѓутоа ако вас не ве слушнав ги слушав другите дискутанти од СДСМ, никој од вас не се оградува јавно, јасно и гласно и не ги осудува водењата на досиеја. Иако тоа можеби не е точка за расправа, меѓутоа никој не се оградува да рече: Ние навистина направивме грешка, водевме досиеја како гарнитура, за тоа треба да се извиниме на тие на кои што им се водени досиејата.

И трета работа на работите малку да им дадеме симпатичен тек, да ве прашам, бидејќи ме споредувате со Џемс Дин, да не ми предвидувате рана смрт?

**НАНО РУЖИН:**

Јас јавно се оградив од досиејата и јас го осудив. Веројатно не сте ја слушале мојата дискусија. А второто, сега навистина не сметам дека сте Џемс Дин.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Предлагам пауза од еден час.

(По пауза).

Седницата продолжи со работа во 16,25 часот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Колеги, продолжуваме со работа.

На ред е господинот Кирил Настески.

Процедурално за збор се јави господинот Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, јас сакам во име на повеќе пратеници да прашам за една работа.

Имено добивме информација дека одредени средства за јавно информирање денешната седница нема да ја пратат, значи ја бојкотираат заради соодветен став кој што бил изграден во Собранието околу движењето на новинарите и нивните активности кои што дневно сакаат да ги реализираат.

Сакам да прашам дали е тоа точно и ако е точно што се причините за еден таков став.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Што е тоа врзано за Деловникот прво, а после ќе одговорам на прашањето што го поставивте.

Дали во Деловникот има процедурална неможност.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Со Деловникот е поврзано седниците да се јавни и седниците можат да ги пратат средствата за јавно информирање. Тоа е прво.

Второ, прокламираниот став на коалицијата за промени за отворен дом на Парламентот и во таа насока за достапност на оние кои што ги пратат седниците да може тоа на соодветен начин по нивна определба да го прават.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Бузлевски, кога вие бевте на ова место и вашиот шеф беше претседател на Владата, вашиот Тито Петковски беше претседател на Собранието, го донесовте Проектот и извршивте уредување на Собраниската зграда. По ваше одобрување имате Прес сала. Ако е нешто затворено, тогаш да говориме.

Едно е претседателството да, а налогот за нивно отстранување е даден од претседателот на Собранието, да се сместат во Прес салата.

Незгодно е да говорам јас, и сите вие сте тука, да не може некој да отиде во просторија за физиолошки потреби.

Значи вашето прашање не е процедурално, туку е театрално.

Повелете господине Настески.

**КИРИЛ НАСТЕСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, еве веќе десетина дена имаме прилика да расправаме во Парламентот за состојбите за локалните избори во Република Македонија. Исто така, имаме прилика да слушнеме како на многумина им се полни устите со демократија, но за жал она што се случуваше на самото место, во самите избирачки места, во општините нема никаква врска со демократија. Во таа смисла сакам овој Парламент а и граѓанството кое ја следи оваа седница да искажам некои мои видувања од состојбите на терен како би можеле тие состојби да се променат за да некои други избори ги дочекаме навистина во поинаква состојба.

Граѓаните гласачи, граѓаните избирачи паметат во едно друго време, како што обично го нарекуваме кога ќе имаше избори тоа беше еден навистина од најсвечените денови. Градовите украсени, насекаде музика, луѓето свечено облечени и одат на гласање. Ова не сфаќајте го како носталгија по некое поминато време, но направете си компарација само барем на чинот на гласањето. Денес тоа би изгледало вака. Насекаде искинати и испартални плакати, невкусни графики, сомнителни фаци околу гласачките места, секој гласач се следи како и за кого ќе гласа и што е најлошото - тепачки, пукања, жртви, апсења. Парламентарните избори 1998 година кога СДСМ беше на власт, вие господа од денешнава власт брзо ги заборавивте, бидејќи поминаа во најдобар ред. Ја освоивте власта, но се исплашивте како ќе се изврши трансферот на таа власт. Но сепак цивилизациски, на најкултурен начин и на најдемократски начин ви беше предадена власта. Но, што господа вие му донесовте после тоа на овој народ.

Народот имаше можност да гласа 1999 година и оваа 2000 година и од едно до друго гласање се испишува се поцрна историја на демократската одлука на нашите граѓани. Народот се прашува, како ли ќе изгледаат следните избори, всушност верувам предвремени парламентарни. Што имавме прилика да видиме пред и за време на локалните избори оваа 2000 година во Прилеп и прилепско.

Армија од ваши заложници на кои им дадовте работни места од куририот до директорот, од референтот, инспекторот, па до началникот, од сите подрачни единици, државни служби до јавни претпријатија не само за време на кампањата туку и на самиот ден на гласањето ги преплавија сите избирачки места и во стотици случаи ги прекршија изборните правила. Ергела од возила од државните органи, јавните претпријатија, управите за внатрешни работи, телекомуникации, Електростопанство, Министерството за одбрана, за земјоделие, јавните претпријатија за стопанисување на шуми, од Заводот за заштита на споменици, Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор, Локалната самоуправа итн. и на самиот ден го крстареа просторот, трошеа средства од сите нас, трошеа средства од граѓаните иако тоа со закон не

е дозволено. На теренот во суштина се случуваше на многу места невиден терор.

Во Долнени еден ден пред изборите активисти на ВМРО-ДПМНЕ го напаѓаа штабот на СДСМ со намера да се создаде меѓуетничка омраза. Републички функционери со службени возила и претставници на власта во Прилеп на самиот ден на изборите на самото избирачко место во Црнилиште и Заполжани со список во рака ги пречекуваа корисниците на социјална помош и ги предупредуваа дека треба да гласаа за коалицијата за промени во спротивно ќе им биде укината социјалната помош. Зарем господа дојдовте до тоа да ги уценувате и да си поигрувате со сиромаштијата, со достоинството на тие граѓани.

Во Ропотово, Заполжани, Зрзе, Долгаец, Рилево кандидатот на ВМРО - ДПМНЕ како заложник го земат попот и вршат притисок кај граѓаните на верска основа.

Во Зрзе директорот на Музејот со 10-тина рекетари со службеното возило влегуваат во гласачкото место им се закануваат на гласачкиот одбор и ја наполнуваат гласачката кутија.

Во Долгаец наоружани активисти на ВМРО-ДПМНЕ физички го напаѓаат избирачкиот одбор, го разбркуваат, ја кршат гласачката кутија, ги кинат гласачките ливчиња, веројатно почувствувале дека гласачите не биле наклонети кон нив.

Во Лажани насилно се отстрануваа гласачите од гласачкото место кои се бележани дека нема да гласаат за ВМРО-ДПМНЕ.

Ден пред изборите на активист на СДСМ во Ропотово му се закануваат по телефон да се откаже од избирачкиот одбор, а потоа му ја запалуваат шталата. Ристо Сајџиноски од Ропотово не попушти и на овој притисок. Истото тоа се случуваше и во Заполжани при што на активист на СДСМ му се запалува шталата после неколку повикувања за да се откаже од избирачкиот одбор.

Како може почитувани пратеници да се оправда јавно искажаната дозвола за сеча на шумите по партиска линија, па се тамани целата шума во Слепче, Гостиражни и други атари, дури и приватната шума се сече, а за тоа ниту инспекцијата, ниту полицијата реагира.

Во општина Витолиште покрај другите во главна улога е командирот на полицијата и ги проверува решенијата на членовите на избирачкиот одбор, врши притисок да се гласа без исправи, се заканува со оружје против гласачите. Ги уценуваат таму и вработените во шумското претпријатие. Се шетаат со решенија за разрешување од работа од ташна доколку не се гласа за коалицијата за промени. Тогаш следува решение за отказ.

Во Здуње се вадат гласачките ливчиња надвор од избирачкото место и се гласа на улица, се разбира јавно за кандидатот на коалицијата за промени, а во Витолиште се појавуваат дури шест посматрачи на ВМРО -ДПМНЕ и ДА на избирачкото место и нормално секој бил задолжен да го покаже ливчето како ќе гласа и треба јавно за тоа да се декларира.

И во општината Тополчани на повеќе избирачки места безмилосно се полнат кутиите. Еден гласа за повеќемина, а изборната комисија за тоа ништо не одговара и ништо не реагира.

Само во предвечерието на изборите министерот за земјоделие додели хектари земјоделско земјиште за обработка во општината Тополчани, а зошто тоа не го направи повеќе денови или месеци пред тоа.

За сите овие случаи е известувана полицијата, за овие случаи е известувана и изборната комисија, но, тие остануваат потполно глуви, се разбира кога тоа го бара здружената опозиција.

Полицијата дури си зема за право да ги повикува на информативен разговор сите оние граѓани кои што дале изјава и кои што соопштуваат неправилности во избирачкиот процес.

На оваа невкусна торта еве нешто за шлаг. За време на кампањата Локалната самоуправа од Прилеп каде што на власт беше ВМРО-ДПМНЕ се испотепа да гради улици, канализации, патишта, сето тоа без покритие на финансиски средства. Ги изгуби изборите во Прилеп, но остави дебел долг кој што со години треба да го плаќаат. Истото го направи Јавното претпријатие Комуналец од Прилеп, кој што прекуредно вработи стотина лица активисти на ВМРО-ДПМНЕ, кои што на големи тапани и со свечености ги пушташе во употреба изворите за вода за пиење, како резервна вода во Прилеп, кои што ги финансираше уште Владата на СДСМ, за да ден после изборите кога СДСМ го доби градоначалникот уште во првиот круг водата во Прилеп се прекина и ден

денес дури има недостиг на таа вода, а пред тоа дојдоа ергела на возила, министри, сечеа ленти дека во Прилеп водата никогаш нема да биде проблем. Меѓутоа, еве тоа го направија.

Еве, сакав колеги, почитувани пратеници, а исто и на македонската јавност која ја следи оваа седница да ги пренесам и да дознаете како изгледаше борбата за локалните власти во Прилеп и прилепско. Но, како што овде денеска слушнавте, во режија на партиите на власт оваа борба на многу места е крвава, со жртви, со тепачки, со апсења, притворања. Можеме ли да се ставиме во кожата на мајката од Кондово чиј син загина, на мајката од Кочани чиј син се бореше за живот, а требаше да го испраќа во армија и да ја чува оваа држава. Можеме ли да се ставиме во кожата на оние родители од Прилеп, Кочани и други чии деца беа уапсени по патиштата. Очигледно овде се работи за однапред режирани апсења на органите за власт. Тие млади граѓани се малтретирани во полициските станици и насилно им се земени изјави и на крај државата ги окарактеризира како криминалци. Се разбира со тие методи со кои што им се земени изјавите секој ќе признае и да не сака.

Меѓутоа, за жал на државните органи се покажа дека овие млади граѓани не се криминалци, тие се локални граѓани на Република Македонија. Од друга страна и покрај убиствата, ранетите, тепачките, власта до денес не успеа да открие скоро ни еден вистински актер. Да се пука насекаде, и од сите страни, а да се пронајде само мал дел на докази, тоа е навистина симптоматично. Граѓаните се прашуваат како ранети, тепани, затворани, се само активисти и симпатизери на опозицијата, а власта упорно тврди дека сите проблеми во изборите ги прави точно таа опозиција. Да не беше жално, ќе беше и смешно според партиите на власт произлегува дека опозицијата сама со себе се тепа, сама со себе се притвора.

Господо од власта, вие сте на власт, вие ја возите колата напред. Вие треба на овој народ да му обезбедите фер и демократски избори без насилства, без тепања, насилства, убивања, без фалсификат. Но наместо тоа да го обезбедите Вие само обвинувате, а со тоа докажувате дека токму вие сте носители на сите овие девијантни појави. Ако тоа е така, вие господа од власта нема шанси на овој народ да му го вратите сјајот на изборите. Колата е тргната надолу, а во таа кола сте вие.

За крај, кога увидовте дека сте немоќни да го спречите вашиот крај, да го спречите изборниот криминал што го правите да го спречите изборниот хаос, малку ви вредат од вас организираните памфлети за трансфер на пратеници од СДСМ во други партии за фракции во СДСМ. Вие сигурно знаете но премолчувате. СДСМ е сериозна партија, компактна партија и затоа е ценета од народот. Завртете се малку по ваквите прашања и кон себе. Од самите вас произлегоа десетици партии со предзнак ВМРО. Од самите вас излегоа и отидоа пратеници на друго место.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор господинот Жарко Караџоски.

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, мене ми е многу жал што од мојот колега сограѓанин Кирил Настески ги слушнав овие зборови на говорница. Рака на срце, морам да кажам дека се чисти шпекулации и невистини. Доказ за сето тоа господине Настески во Прилеп изборите поминаа најмирно и најдемократски уште во првиот круг. Сето ова што го зборувате како се движеле возилата на јавните претпријатија на подрачните единици итн., јас не знам што била целта и потребата кога во првиот круг се изгуби, а самите кажавте на демократски и мирен начин.

За ваше потсетување на крајот на краиштата, некој од некого учи. Вие ја спомнавте 1998 година како ПАРЕР за мирни избори, овие за немирни. 1998 година потсетете се што правеа вашите функционери. Конкретно мене против кандидат ми беше вашиот пријател, тогашен директор на "Електро - Прилеп", па цел "Електро – Прилеп" беше буквално мобилизиран. Се и сешто работеше, па дури во Прилеп "Електро – Прилеп" правеше канализација, несфатливо нешто. Инаку дотогаш Прилеп живееше во темница, одеднаш целиот се осветли. Сега вие да префрлувате на некого вина дека некој правел, вие сте биле наивни не сте знаеле, па сега учите од нас. Тоа е едната работа.

По однос на општините што ги кажавте Долнени, Ропотово, итн., јас би ве запрашал една работа. Од каде ги знаете овие податоци, кој ви ги кажа. Јас колку што сум информиран господине

Настески прашање е колку сте вие апсолутно ангажирани во изборниот штаб на СДСМ. За да ги знаете овие работи треба да бидете ангажирани. Јас имам податок дека апсолутно не бевте ангажирани во изборниот штаб, па не сте компетентни да кажете за овие аномалии. Тоа се само приказни што сте ги наслушнале, а по однос на тоа дека СДСМ нема фракции, како да е идеална партија, а за тоа дека нема фракција јас ќе ви кажам еден податок. Во Прилеп се избра градоначалник од СДСМ господинот Пиргановски, ваш сопартиец. Истиот човек најде за сходно да не покани сите, вклучително и нас како опозиција, таму на конститутивната седница на Советот на општина Прилеп.

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ:** (Продолжение)

Вие, г. Настевски не бевте поканети, нормално ниту појдовте. Што тоа зборува ако не е фракција. Ајде бидете искрени и кажете колку вие соработувате со структурана на г. Пиргановски. Колку пати сте се виделе, дали некогаш ве консултирале нешто, дали знаете кој е градски архитект во Прилеп сега назначен или кој ќе се назначи и дали воопшто ве консултирале, а иако сте архитект по професија. Дека нема фракција, мислам дека тоа го кажувам.

По однос на долговите, г. Настески за локалната самоуправа, само да ви кажам локалната самоуправа во Прилеп живееше мртва, односно Прилеп живееше во мртвило се додека на централна власт беше СДСМ, а на локална ВМРО-ДПМНЕ. Последнава година или последниве две години се интензивираа работите благодарение на спојката централна власт - локална Владата на Република Македонија. Ќе го видам сега г. Пиргановски колку тој сега ќе успее да ги анулира овие аномалии, со оглед што таа спојка сега повторно се врати, централна власт ВМРО-ДПМНЕ, локална СДСМ. Да видиме како тој ќе ги исправи работите, со оглед што наговести дека за него ќе работи тим на стручњаци. Ако ве ангажира вас г. Настески, верувам во тоа. Ако не ве ангажира, чисто се сомневам. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Одговор на реплика, г. Настески.

**КИРИЛ НАСТЕСКИ:**

Си го земам правото да реплицирам и ќе почнам на еден начин на кој што пред неколку седници во овој Парламент се случи една појава.

Не можам да се сетам по која точка беше една расправа, еден колега, сопартиец на колегата Караџоски побара од претседавачот, рече јас да зборувам наместо Караџоски, бидејќи тој е болен. Сега, после оваа дискусија, навистина, констатирам дека г. Караџоски е болен. Не разбира ништо, бидејќи има задача само да фрла отровни стрели кон СДСМ.

(Бурни реакции во салата).

Сега, ако сакате во ред, г. Караџоски многу жали за тоа што сум дискутирал и не знаел од каде ми се тие податоци.

Прво, заборава дека во мојата дискусија Прилеп многу ретко го употребив, бидејќи повеќе дискутирав за општините. Тоа се 4 општини од кои јас сум пратеник и задолжен тие населени места да ги следам состојбите со изборите. Според тоа во изборниот штаб на Прилеп ниту имало логика да седам, бидејќи истовремено и од централниот штаб добивав задачи да држам трибини по многу други општини, особено во Битолскиот крај.

Истовремено сакам да дадам некои објаснувања во врска со средствата, неговото тврдење како за време на тие години, кога СДСМ беше на власт, како градот Прилеп не добивал ништо, никакви средства и немало никакви активности заради тоа што власта била СДСМ, а локалната власт ја држела ВМРО-ДПМНЕ. Тоа е чиста измислица и лага, од причина што ако се провери, годишно, градот Прилеп добиваше скоро по 20 милиони денари за изградба на патишта, улици, канализација и водоводи од фондовите што беа тогаш на располагање по министерствата и Владата. Исто така, Прилеп, за владеењето на СДСМ доби две вредни инвестиции, од кои едната за изградба на пречистителна станица во висина од 12,5 милиони долари и друга донација комплетна донација неповратни средства во висина од 15 милиони германски марки од германската Влада за рехабилитација за регионалниот водовод "Студенчица". Токму тоа г. Караџоски го направи Владата на СДСМ за Прилеп, за која што вие тврдите дека не дала ништо. А, вашата закана дека сега Владата, на СДСМ нема да даде ниту денар за Прилеп, ќе ве снајде истото и на следните избори и на сите понатамошни избори во сите помали општини околу Прилеп. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Жарко Караџоски има реплика.

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ:**

Јас не употребив квалификации некого да го правам болен или не знам како, мислам дека тоа не му беше во ред. Меѓутоа, факт е колку бев болен и како бев болен, покажа самата дискусија на таа распара на која г. Настески, ако ништо друго, доби честитки од вашите пратеници, односно вашата пратеничка група, па нека просуди колку сум болен. Сега, колку сте вие здрав, го покажа вашето последно излагање.

Јас не се заканив на новото раководство во прилепската општина, само кажав дека новиот градоначалник ќе треба да собере храброст и умешност да го држи градот Прилеп во една тензија во една кондиција. А, како тоа ќе го направи со оглед дека е расчекор помеѓу централната и локалната власт. Јас така кажав. А, не кажав дека некој некому ќе прекинува вентили. Впрочем ако е точно ова вие што го тврдите, тогаш нема основ за страхување. Ако Владата на СДСМ давала пари за локалната самоуправа во Прилеп, тогаш не би имало причина и оваа Влада зошто не би давала.

Но, факт е г. Настески дека во Прилеп последните две години, да не кажам последната година е нешто направено од она што до тогаш беше Прилеп. А, г. Настески вие не ми одговоривте на она што ве прашав. По се изгледа информациите за овие работи што ги наброивте ги добивте од г. Алил Џафероски, најверојатно. Прашајте го него да ја скршил тој кутијата со неговите другари таму? Сигурно не сте ги добиле информациите од Изборниот штаб на СДСМ и каде е логиката вие како прилепчанец да добивате инструкции да застапувате во Битола, односно настапувате на кампањата во Битола. Каде е логиката. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор г. Трајко Гешоски.

**ТРАЈКО ГЕШОСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, прво, да му реплицирам на колегата Кирил Настески за болеста на нашиот колега Караџоски. Тој ден кога требаше да одиме за Скопје имаше напад на бубрег во болницата во Прилеп, прими две инјекции и дојде на седница на Собранието. Затоа, да не се манипулира со болеста на нашиот колега.

Би реплицирал, колегата Настески во неколку наврати напомна ергела возила. Не поминаа малку, две години се поминати од специјалитетите што јас, како тогаш вклучен во политика ги научив од кујната на СДСМ. Бев кандидиран за пратеник на 36 во Прилеп, а против кандидат ми беше директорот на Тутунски комбинат. Што се правеше:

Прво, сезонски работници, Тутунски комбинат секоја година примал во 5-6 месеци. 1998 година продолжија уште 3-4 месеци да работат тие сезонски работници само заради изборите, а пред се 30 од ромите. Што се правеше, 3 месеци работеше кујна за овие сезонски работници.

Понатаму, се закажуваа претстави, од Скопје доаѓаа естрадни уметници, концерти за Ромите се на сметка на Тутунскиот комбинат.

Понатаму, за таа ергела возила, на денот на изборите сиот возен парк од Тутунски комбинат, се знаеше бидејќи пишувал "Тут.ком", со вработени пред сите избирачки места по 3-4 и на сите што одеа да гласаа им делеа по 3-4 пакла цигари.

Понатаму напомна за во Тополчани, колегата Настески дека била давана земја под закуп, општествена земја. Треба добро да се информира колегата Настески, таа земја се дава во март и април кога почнува сеидбата, а не сега во октомври. Тоа е една провокација што не држи.

Спомна, исто така, дека активисти од Прилеп биле апсени, запирани на пат за Охрид. Не е точно тоа, тие биле таму претресувани во Охрид каде што се најдени во нивните багажници пиштоли, палки, синџири и јас се прашувам со тие палки да не одеа безбол да играат во Охрид овие активисти или игралишта нови се формираа па се афирмираше безболот во Охрид.

За тоа многу нека не се кажува, нека не се зборува, за тие специјалитети се учи, ние ги учевме од нив, ама не ги применувавме.

Фала потпретседателе.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор г. Звонко Мирчевски.

ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:

Почитувани колеги пратеници, многу ми е жал што во моментот кога сакам да реплицирам на тројцата колеги од Прилеп, односно тројцата колеги пратеници од Прилеп нема никој присутен од Владата да ја слушне репликата.

Јас не сум неколку дена на политичката сцена, туку напротив од 1990 година бев активно вклучен во

политичката партија ВМРО-ДПМНЕ. Мене не ми се, се уште, заборавени методите на СДСМ што ги практицираше тогаш кога беше на власт.

Исто така, 1994 година, кога бев кандидат за пратеник од ВМРО-ДПМНЕ, многу добро се сеќавам како беше употребувана извршната власт во сервис на изборите од страна на тогашниот СДСМ и неговите коалициони партнери. А, исто така не можам да го заборавам изборниот фалсификат што се случи на тогашните избори.

1996 година, на локалните избори во Прилеп, исто така се сеќавам на злоупотребите што од страна на тогашната централна власт се вршеа во служба на добивањето на централната власт.

1998 година на локалните избори во Прилеп исто така, се сеќавам на злоупотребите што од страна на тогашната централна власт се вршеа во служба на добивањето на централната власт.

1998 година ВМРО-ДПМНЕ, како вон парламентарна опозициона партија немаше можност да ги користи инструментите на централната власт. Но, народот во Прилеп и народот во Македонија, тогашната СДСМ и нејзините коалициони партнери ги казни заради лошото владеење.

Многу ми е жал што моите колеги од Прилеп, во нивните дискусии сега не спомнаа за настаните на прилепската политичка сцена со појавата на новоформираната партија ВМРО - Вистинска, во која што политичка партија, точно заради овие причини поради кои и едните и другите и третите се обвинуваат, јас не можев себе си да се најдам помеѓу тие политички партии, што едните во минатото, а другите во сегашноста ја злоупотребуваат позицијата на власта, се во служба на тоа да се добие поголема политичка власт.

Почитувани колеги пратеници, почитувани граѓани на Република Македонија.

Мојата политичка партија во текот на изборната кампања во Прилеп, беше оневозможена да настапи со својата конвенција, со огромни притисоци, со каменување врз мојот дом, со заплашувања, што одеа до 10-то колено во моето семејство, луѓе кои од март, од формирањето на политичката партија на политичката сцена беа разместувани од своите работни места, беа бркани од работа, а сето тоа вие, мои почитувани колеги заборавивте да го кажете. Исто така, заборавивте да го кажете дека еден ден на изборното милје на кое, според вас мед и млеко течеше во Прилеп, беше и каменувањето на мојот дом, а сигурен сум дека и вие како мои колеги пратеници со кои од Прилеп доаѓав овде заедно, ниту малиот прст како партиципиенти на владеачката структура не помрднавте за да го заштитите мојот дом, моето семејство и моите деца кои беа каменувани дома, додека вие ги уживавте благодетите на власта.

Сега овде, многу ми е жал кога ве гледам и едните и другите како во стил на големи демократи, кој здрав а кој болен, се со цел политички да профитирате, овде се надмудрувате, а никој, притоа, не го спомнавте гладниот народ во Прилеп кој во изминатите 10 години, во пазувите на едната или другата власт остана без корка леб. Затоа сакам почитувани колеги од Прилеп да разговараме, а вие сите овие работи ги заборавивте.

Да ви кажам една работа дека имаше и една друга работа што не беше нормална во Прилеп, со која што јас не можам да се согласам, со раководствата на партиите кои беа и кои се од власта, исто така и од опозицијата, а тоа беше што во Прилеп се случуваше една медијска блокада, што медиумите во Прилеп, токму во текот на тие настани на 25 и 26 август беа блокирани, така што граѓаните во Прилеп не можеа да ги гледаат тие настани што се случуваат.

Во оваа можност само толку би ви реплицирал на сите тројца и ќе го задржам своето право, бидејќи сум пријавен за дискусија по редоследот на листингот, повторно да се вклучам во дискусијата. Но, немојте да заборавите дека градот Прилеп ќе го заборави ова што и едните, од бившата власт, тие сега од владеачката коалиција што го правите во Прилеп, што го правите во Македонија, дека народот во Прилеп тоа ќе ви го заборави и дека ќе ви го прости. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор г. Петровски Томислав.

**ТОМИСЛАВ ПЕТРОВСКИ:**

Почитувани колеги, само нешто би забележал, во салава не има повеќе доктори, штета што немаме еден неуропсихијатар па да определи кој е здрав, а кој е не здрав.

Една работа само би ви кажал, на сите овде кои седиме, дајте да го кренеме

дигнитетот на Собранието и да продолжиме со убави дискусии. Ви благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор господинот Жарко Караџоски.

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ:**

Се јавувам само за кратко во врска со репликата на колегата Звонко Мирчевски.

Сакам да дадам само едно појаснување, не го спомнав настанот што се случи пред неговиот дом во Прилеп, затоа што немав дискусија, туку имав реплика на дискусијата на г. Кирил Настески. Според тоа, Кирил Настески не го отвори тој проблем па јас да го реплицирам.

Во суштина, тоа што господинот Мирчевски го интересира по однос на мојот личен став или како што нарече овде, на владеачката структура барем што се однесува до градот Прилеп, го задржувам правото да кажам кога ќе ми дојде ред за дискусија. Значи, не сум го заборавил колегата, па тоа што имам да го кажам, ќе го кажам тогаш. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

На ред за дискусија е господинот Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Потпретседателе, пратеници.

Јас би сакал, прво, да почнам со едно гледање на еден аналитичар кој рече, многу е демагошки нашето обраќање од оваа говорница, со почитувани. Па, долго се мислев дали да му се обратам на потпретседателот и на вас колеги, почитувани колеги. Но, работата не била дојдена до тука. Работата била дојдена до невропсихијатри. И, ако е дотаму дојдена работата и врз основа на оваа расправа за овие теми кои се многу важни, сигурно доколку е дојдено до доктори, до невропсихијатри, секако потребен е лек, чаре, излез, друго нешто нема. Народот вели лекот е пет пари, ама дали ќе го погодиш. Бидејќи колегата Јордан Бошков предлага да застанат координаторите, да се договараат, за што голем број на пратеници имаат овдека такво мислење и од досегашнава расправа, барем во едно сме договорени и разјаснети, иако кога влеговме во оваа расправа имавме различни мислења за оценка за локалните избори, но мислам со одредени мали отстапувања дека можеме да искажеме оценка дека овие избори и нанесоа штета на државните интереси на Република Македонија и Република Македонија ја доведоа во многу опасна зона како на домашен, така и на меѓународен план. Па затоа, би предложил едно решение. Мислам дека многу тешко ќе се прифати, но тој лек јас го гледам во членот 63, што е уставно, став 6 од Уставот на Република Македонија. Бидејќи, Уставот вика, суверенитетот му припаѓа на граѓанинот и произлегува од граѓаните и им припаѓа на граѓаните, за да се примени овој член 63 став 6, координаторите би требало да се договорат, меѓутоа претходно би требало да исполнат и некои услови. Тоа е, тој член да се спроведува од сите координатори, од сите пратеници овдека јавно. И уште еден услов, кој би бил многу важен, многу битен, тоа е во наредниот дел да се почитуваат темелните вредности на Уставот, а тоа е почитување ништо друго, само законите, кои колку се добри или лоши. Што вика членот 63, став 6. "Собранието се распушта ако за тоа се изјаснат мнозинство на вкупниот број на пратеници". Тоа е она што ние треба да го направиме и што не е многу опасно, демократски е, а во рок од 60 дена, во тој случај, се формира Влада и ќе продолжи да ги врши работите. Особено, укажувањата дека меѓународниот интерес, асоцијациите, ќе продолжат дали со оваа Влада или со предвремена Влада, мислам на привремена, ќе продолжат понатаму.

Инаку, што се зборува за Европа. Европа, сака демократија, сака избори и сака демократски избори. Мислам дека тоа е едно од решенијата што би требало сите да не продолжиме во овој стил и да не кажуваме што мисли народот, а и ние што мислиме самите за себе, кажавме. Бидејќи, тоа нема да се случи, барем не јавно или може да побара секој да биде тајно, па повторно ќе навлеземе во парламентарни игри, тогаш сметам дека она единствено гледиште, кое ние го изградивме за штетата на овие парламентарни избори, што и се нанесени на Република Македонија, имаат, иако на почетокот реков беа две гледишта едното гледиште беше дека локалните избори на Република Македонија се демократски со мали екцеси. Другото беше дека се лошо организирани, лошо спроведени, катастрофални.

Третото гледиште, кое се појави и тие укажуваат дека изборите во РМ беа лошо организирани, лошо спроведени. Додека за тој дел имаме концензус, за основното прашање, кое треба сега да го изградиме овдека и што би требало врз основа на оваа расправа да извлечеме поука за наредните избори или за понатамошното

движење на демократијата во РМ, тука се нашите разлики, тука се нашите напаѓања, тука се нашите несогласувања. А, тоа е прашањето, кое и некој пратеник го постави овде, кој тоа му го направи на Македонија, кој прв почна или кој е виновникот за ова. Ако тука утврдиме, мислам дека понатаму би било се и во спроведување на делот на одговорноста.

Оваа расправа ќе заврши со заклучоци и уверен сум врз основа на досегашната расправа, заклучоците се од сега јасни и предвидливи.

Првиот заклучок ќе биде, се осудуваат сите инциденти и сите ќе го поддржиме и од едната страна, како што велиме и од левата и од десната страна.

Вториот заклучок ќе биде, се задолжуваат органите, 0бвинителството, извршната власт, најенергично да ги казнат, да ги откријат правосудните органи, сторителите на овие кривични дела.

Третиот заклучок, таа трета струја што ја викаме овдека, полага големо внимание, а тоа е формирање на Анкетна комисија.

Сметам дека не само со досегашната пракса на анкетните комисии во Република Македонија, туку и процесот на оваа уставна категорија по секое прашање што е од јавен интерес, а од ова нема појавен интерес и поважен интерес за граѓаните, може да се формира анкетна комисија, не го имаме издигнато на ниво. Знаете што ќе се случи во анкетната комисија. Во анкетната комисија овие расправи што ги водиме овдека ќе се пренесат и таму. Од првата реченица, за оценката на овие локални избори, дали беа демократски, фер или за другото прашање, ќе настане таа расправа, ќе се најде компромисно решение, тој извештај, иако, доколку тој ќе е на паритет позиција и опозиција, ќе се најде некој од третиот блок, претседател, ќе дојде еден извештај во Собрание и тој извештај тешко ќе помине и тука ќе застане работата. Ќе поминат и тие две години, ако немаме предвремени избори, работата нема да се заврши. Мислам дека тие се можни заклучоци во еден Парламент. Тие ќе бидат донесени, а работата околу овој дел нема да ја завршиме. Мислам, барем и претпоставувам и 90% така ќе заврши.

Е сега, прашањето, повторно да се вратам на тоа кој е виновникот, кој го предизвика ова и кој ова и го направи на Република Македонија. Во секоја држава, па и овдека беше искажано и тоа за организирање и спроведување на локални избори е виновна власта. Тука нема дилема, тука нема бегање и тука нема никаква друга оценка. Во секој случај свој придонес може да даде, во однос на спроведувањето и опозицијата. Дали власта создаде услови да се одржат и да се спроведат овие локални избори. По мое мислење, мислам дека во никој случај тоа не го направи, па ќе се обидам на неколку примери, без провоцирање на одредени пратеници, без конкретни работи, низ општо гледање да го докажам тоа мое гледиште.

Република Македонија спроведе неколку избори и тоа во 1990 година, овие да не ги земаме, бидејќи тогаш беше преодната Влада или Владата од социјализмот, која ги организираше и која ги донесе законите. За првите избори можеме да зборуваме, за парламентарни во 1994 година, локални во 1996 година и парламентарни во 1998 година. Тие избори ги организираше, ги спроведуваше Владата на СДСМ. Со сите недостатоци, со сите недоречености, бидејќи знаете и сите овдека сме сведоци дека немаше ни избирачки списоци, ни уредно законодавство, ниту беше воведена процедура на избирачки легитимации и покрај сите напори организирање, можеме да кажеме дека во 1998 година Република Македонија организира фер и демократски избори. Уште во 1996 година на локалните избори, меѓународните институции и меѓународната јавност се двоумеше дали да испрати посматрачи. Во 1998 година свесни сме, а некој тука истакна дека законодавството во 1998 година, односно Законот за пратеници, кој е основа во техниката на избор и за локалните и претседателските избори, го донесе СДСМ или тоа парламентарно мнозинство. Мораме да укажеме и да бидеме свесни дека, тоа законодавство беше донесено со целосен концензус на вон парламентарната опозиција, што знаете, е големо достигнување во парламентарниот живот. Ни еден член, ни едно решение во спроведување, особено во техниката, не беше без усогласување со најголемата вон парламентарна партија ВМРО-ДПМНЕ и со другите вон парламентарни партии. Што требаше да се случи потоа во Република Македонија? Во Република Македонија сметам дека после тоа, после 1998 година, претседателските избори во 1999 година, локалните избори во 2000 година, Македонија требаше да ја донесат во врвот на демократските земји во спроведување на изборите. Што значи тоа? Сметам дека тоа значи, после парламентарните избори во

2002 година во Република Македонија, можеше да се размислува дури и на така наречениот Скандинавски модел. Дури, можеше да се гласа преку пошта. Тоа е оној проблем што ние овдека треба да го разгледуваме.

Мораме да констатираме, кога реков дека не се организирани спроведени демократските избори од оваа власт, бидејќи Република Македонија со овие локални избори е вратена многу назад. Вратена е пред 2000 година. И, се нудат решенија. Некои викаат дека, доколку се промени изборното законодавство во Република Македонија ќе имаме подемократски избори. Изборното законодавство, односно ако се примени пропорционалниот модел, мнозинскиот модел бил пречка за спроведување на вакви конфликти и судири, меѓу партиски судири или меѓу сите членови на партии. Да се менува изборен модел, заради не спроведување на изборите, тоа е катастрофа. Изборното законодавство ќе го определи овој Парламент. Тогаш, ние не можеме, претседател на Република Македонија, треба да воведеме да го бира овој Парламент. Да го напуштиме системот на локална самоуправа на градоначалници, па советите и да се вратиме на одборнички. Тоа е катастрофа. Дали има недостатоци во сегашниот изборен модел, тоа е точно. Треба да ги надградуваме и доградуваме. Но, причината за не спроведување на изборите, не би требало да го испуштиме изборниот модел. Врз основа на економската, политичката, демократијата во Република Македонија, овој Парламент, согласно Уставот ќе изгради изборен модел, како што му одговара и во спроведувањето. Што значи, не држи тезата дека изборниот модел е причина за спроведување на овие избори.

Во изборното законодавство има една интересно решение во Република Македонија. Тоа е така конституирано, што самата контрола да ја вршат политичките органи. Некои го осудуваат, а јас мислам дека тоа е добро решение. Зошто е добро решение? Бидејќи, на овие локални избори немавме големи судири меѓу самите органи кои ги спроведуваа на самите избирачки места. Контролата на политичките партии и тоа на паритет од избирачки одбори до општински изборни комисии, до Државна изборна комисија е на паритет. И, тука само контролата плус посматрачите, тоа решение е одлично за спроведување на демократски тајни избори. Проблемот е во нешто друго. Проблемот е во оној дел, кој го регулира сигурносниот вентил. Јасно и гласно треба да кажеме политичките партии, претставниците на политичките партии сакаат да добијат кој повеќе гласови, сакаат градоначалник, па дури се дозволени одредени, до некоја црвена линија, дошепнувања, привикнувања, внатре во самиот изборен круг. Во тој систем имате друг систем на целосно спроведување на изборите од страна на државната власт. Во овој случај, во Република Македонија со овој степен на развој, сметам дека има катастрофални последици и понатаму малку ќе се навратам на сегментот, власт во спроведување, органи на власт.

Што се случи по 1998, 1999 и 2000 година, за да не го доизградиме законодавството во Република Македонија, до оној степен за кој зборував? Знаете, во 1999 година, барем по мое гледање и мое мислење се случи еден феномен. Кога Република Македонија мислеше дека е наша измислица, а постои, откога постои демократијата. Одредени луѓе во 1999 година го промовираа еден принцип, кој не тргнуваше од граѓаните и кој не викаше дека граѓаните се основа на демократијата, а тој принцип е, не се важни граѓаните, не се важни гласачите, туку се важни полначите. Теоретски, овој принцип, за кој мислат дека е изум во РМ, не се важни гласачите, туку се важни полначите, би бил интересен, но тој не може самиот за себе да се спроведе. Тој бара поддршка, бара поддршка во изборниот процес. А, која е таа поддршка? Таа поддршка е директно од оние органи кои ги спроведуваат оние органи кои вршат отпор, кој го подржуваат изборниот процес. Што значи, во дадениов случај, за да се спроведе принципот не се важни гласачи, туку се важни полначи. Треба да учествуваат оние органи, кои се задолжени директно да ги спроведуваат на законит начин изборите, биле локални, биле парламентарни, биле претседателски. Почнувајќи, од избирачките одбори, завршувајќи до ДИК и оние кои треба да им даваат поддршка. Сите органи на државната власт се должни да ги штитат државните интереси и да им помагаат на органите, кои се задолжени за спроведување на изборите. Од каде почна овој процес? Овој процес почна, а мислам дека и понатаму дојдовме до овој степен, да расправаме во овој Парламент, искршени кутии, мртви млади животи и што не понатаму, да не ги набројувам, сите сме свесни за тоа, додека првата кутија во Република Македонија се искрши и премиерот, тоа морам да го кажам, вели, што можеш да му направиш на оној кој ќе ја скрши кутијата. Ништо не треба да

му направиш. Треба да се примени само Законот. И, казнената политика има едно свое значење, воспитно да делува. Кога првата кутија се наполни и се скрши во Република Македонија, кога не се презедоа тие мерки, понатаму беше многу тешко, наместо да се казнат, законодавството е добро, да се применат мерките. Македонија е многу мала држава. Во Република Македонија имаме избирачко места по 50 гласачи. Најголемите се илјада гласачи и секој се знае. Знаете, во еден Њујорк за 5 или за 10 часа ќе го фатат некого кој извршил такво нешто. Во Република Македонија, кршач на кутија, полнач на кутија, да не набројувам други инциденти во натамошниот дел, мислам дека многу лесно можат да се откријат ако се сака да се заврши таа работа и понатаму да нема никакви повторувања. Мислам дека тоа е клучниот момент, а понатаму се надоврзуваат еден на друг. Во Република Македонија, оние кои требаше да се казнат, беа наградени на извесен начин и затоа понатаму почна ова на што сме дојдени.

Имаше доста полемики, на пример едно е коли без регистрации, па беа на опозицијата, беа на позицијата. Во Република Македонија сите сме свесни, во Скопје или во друг град сообраќајната милиција ако види кола без регистрација па нема шанси да помине, нема шанса 20 километри или 300 метри да оди. На избори се случуваат тие работи и пред целата македонска јавност и пред нас гледаме 10, 15 коли. Дали некој може да замисли дека така тие коли, па некои по инкриминирани дела, да крши кутии, тој или ќе украде таблички, или ќе украде кола, па да се маскираат. Ние во Република Македонија имаме коли без регистрации, 10 коли полициски, 10 коли без регистрации и системот функционира. Не функционира ни во обичниот живот во Република Македонија. Во обичниот живот се спроведуваат тие мерки. Како е можно тоа? И, сега инсинуации и некој ќе рече, па тие коли беа на овие или беа на оние. Мислам дека тука е проблемот во тој дел. И, некои двојни аршини што се применуваат. Исто во претходниот случај беше за При леп, дали биле употребувани возилата на јавните претпријатија или не. Па, употребувани биле и во претходните и во овие избори, но каде е проблемот. Проблемот на двојниот аршин на овие избори што употребено возило од Крива Паланка или мислам дека од Кочани на јавно претпријатие, се поднесува кривична пријава, за незнам кое кривично дело за давање или неовластено давање.

Во Република Македонија на овие локални избори, требаше да се поднесат 10 илјади, 5 или 3 илјади кривични пријави по тој основ. Немаше возила на јавните претпријатија од државни до локални, кои не беа вклучени на страна на позицијата. И, тука нема проблем. Тоа е она што иритира, тоа е оној двоен аршин, што се вели. Или еден колега пратеник викаше, па вие ги избравте судиите, судиите се ваши. И вие доста судии избравте. Не е проблем на изборот на судиите, не е проблемот судиите дали се избрани, тие се граѓани, кој оној сегмент кои ги спроведуваат изборите и кој мора да се грижат за изборите. Не се ваши или наши судиите- Во тој процес тие се оној сегмент, кој надвиснува во делот, бидејќи, морам да кажам, изборите во РМ, затоа што се контролираат од политички органи, единствени кои спроведуваат се државните органи, а тоа се независните граѓани во избирачките одбори. Зашто, еден член позиција и еден член од опозиција во општинската изборна комисија, 3 позиција, 3 опозиција. И, не постојат изборни органи. Оние кои спроведуваат законитост, тие одлучуваат. Кажете ми во Република Македонија каде има поништено одлука на општинско ниво, да не е резултатот 3 спрема 2. Никаде.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**
(Продолжение)

Никаде, ни во Охрид, ни во Куманово, каде што имаше најголема глупост. И не е проблемот дали политичките органи ќе одлучат така, проблемот судиите, тие кои ние ги избравме, кога велам ние мислам на пратениците, тие од кои зависи одлуката и во ДИК од нив зависи одлуката. Тие се оние, како ќе одлучат тие, а тие го спроведуваат законот, тие го штитат државниот интерес. Другите членови ги бранат политичките интереси на политичките партии. Во Куманово, замислете, 14.000 гласови се поништуваат, а ниеден приговор. Секој знае, доколку нема приговор на записникот, не можеш да поништиш избори. Знаете судија, знае одлука на Апелационен суд изградена, спроведена на сегашните избори, па ги поништува. Тука е проблемот. Проблемот е во одреден спој или притисок на оние кои требаше да ги спроведат. Не ги обвинувам, пак ќе кажам политичките органи. Што се случува? Се случува случајот Охрид. Ќе го гледам од еден друг правен аспект за да дојдеме до една одредена вистина каде се проблемите и како викаат ние немаме

учество, онаа трета линија или трет пат. Во Република Македонија сега се појавуваат и некои трети патишта, така наречени "виножито". Република Македонија е црно-бела, две партии големи. Криво е црно-белото, а другите за сите настани не се виновни. Или црниот е виновен или белиот е виновен. Па незнам дали е така. Што се случува во Охрид? Судиите се обични луѓе кои сакаат да живеат, кои треба да се борат и треба да живеат во тие средини, но надвор од својата желба, ние како Парламент сме рекле дека треба да учествуваат од овие причини. И добро е што учествуваат. Инаку, пак ќе повторам, ако изборите во Република Македонија ги спроведуваат државни органи и полицајци да има низ избирачките одбори, состојбата ќе беше многу полоша. Судијата во Охрид мислам дека не го познавам, човек кој сигурно го знае својот занает, чесен за мене барем, чесно укажа. Човекот не кажа дека во Охрид имаме фалсификувани лични карти 260, или кога нему му јавија тој кажа. Тоа е оној кој ги штити државните интереси и кажа дека има основано појавување од претседателот на избирачкиот одбор дека има основано сомневање за фалсификување на исправи и за претставување на други лица на гласање, што сигурно во понатамошната постапка ќе го докажеме. Тој човек, не можејќи да избега од своето знаење од својот занает, наредува тие легитимации да се задржат. Што се случува? Тука сакам да го кажам тој однос на политички сили и односот на државните органи. Веднаш се крева паника до Државната изборна комисија - тој е должен, секој граѓанин е должен доколку утврди дека има основано сомневање за фалсификување на јавна исправа веднаш да ги задржи тие, да ги извести органите на прогон, МВР и да се предадат тие документи на дежурниот истражен судија. Се крева паника и тоа доаѓа до ДИК. ДИК, пак ќе бидам доследен, од членовите на политичките органи на позицијата, тие ја знаат вистината, или на оној што му се презентира, реагира остро што бара оставка од судијата што си ја врши својата задача, затоа што наредил извршување на едно најобично правно дејство - како тој смее, како смее да се задржува. И тука не е за осудување. Тие луѓе сигурно го знаат правниот момент, тие го спроведуваат политичкиот. Политичките органи реков не сакаат да остават трага. Тие меѓу себе се да се контролираат едни со други, да се надгледуваат. Вие знаевте како се спроведуваа изборите, сите сме оделе на гласање, сите посматрачи, а еден од една политичка партија, друг од друга, сами се контролираат. Што се случува? Тука затајуваат оние што се должни да ги спроведуваат законитостите на власта. Судиите во Државната изборна комисија или што зборував за судиите во општинските изборни комисии, тие се должни да кажеа да, треба да се задржат, треба да се спроведува законот. Тука е оној притисок, тука е она што незнам како да го наречам, не е притисок, она удворување на власта и партиите на власт кога не се спроведува законот. Оттука почнува се да се спроведува. Инаку, на теорија принцип во Република Македонија никој пат не би требало да се повтори, секогаш треба да бидат важни гласачите, а не да бидат полначите на кутиите. Во еден поранешен систем важеше друго правило, тоа е надминато сега. Тие велат не се важни гласачи, важни се бројачите. Бројачите се елиминираат со политичките органи. Сега се важни полначите.

(Дофрлување на некој од пратениците со зборовите, "За Ингилизова не кажуваш малку?")

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам колеги, дозволете му на г. Гештаковски да зборува.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Ова е состојбата што мислам дека се спроведе таков еден принцип на гласање во Република Македонија, што не е примерен за ниедна држава, со што ја збунуваме Европа, што сме заостанати зад сите демократски земји во Европа и Европа сигурно на овој или на овој начин ќе ни ја врати топката и ќе ни ја испорача сметката.

Што би кажал уште? Би сакал да кажам уште дека власта после овие локални избори ја потроши довербата кај гласачите, сметам дека ја потроши довербата кај гласачите, за која причина сите викаме дека не се важни локалните избори, но по се изгледа заради власта и така несреќниот прв круг, втор круг, па и третиот круг. А најважно е што политичките механизми на демократските процеси особено на изборите ги инструментализира и маргинализира до една крајност, а кај граѓаните, беше кажано и од повеќе дискутанти, во Република Македонија завладеа одредена тишина и страв. Исто така, многу е битно сите ние и овој Парламент и расправата да не доведе да им одземеме и надежта на граѓаните, дека на избори на легитимен и

демократски начин може да се менува власта, како што се смени и како што направи Република Македонија во 1998 година. Особено главното прашање е што сите сакаме да извлечеме поука и што ќе се случува понатаму, што ќе се случува во Република Македонија за парламентарните избори, доколку бидат предвремени и во 2002 година.

Бидејќи, како што истакнав, заклучоците нема да го решат проблемот, првобитното решение кое го нуди Уставот на Република Македонија член 63 став 6 многу тешко ќе се преимени. Останува само едно решение, што мислам дека и оваа расправа треба да оди во тој правец. За ова парламентарно мнозинство, кое ја остварува власта во Република Македонија, крајно време е да почне да ги почитува темелните вредности на Уставот на Република Македонија и Република Македонија да ја врати на демократските процеси, Република Македонија да биде правна држава. Во Република Македонија да владее правото, да не се занимаваат како било, од 1990, 1994 и 1996 година. Ако тоа не го направи таа владеачка гарнитура многу тешко Република Македонија ќе излезе од овој дел за кој зборувам и колегата Јордан Бошков, кој вели дека не е убаво самиот претставнички дом да се заглавува во непријатната кал. Република Македонија е заглавена во кал и само владеењето на правото може да ја извлече Република Македонија од овој дел.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Му благодарам на г. Александар Гештаковски за учество во расправата.

Бидејќи никој не се јавува за реплика, веројатно никој не е погоден.

Имаме уште 23 минути до 18,00 часот.

Дали г. Жарко Караџоски ќе сака да го искористи правото за дискусија сега или утре?

(Позитивно изјаснување на пратеникот).

Има збор г. Жарко Караџоски.

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ:**

Почитуван потпретседателе, колеги пратеници, ќе гледам да завршам до 18,00 часот со дискусијата.

Веднаш на почетокот би сакал да кажам дека лично после толку долго дебатирање човек се става во една недоумица дали воопшто да разговара и да зборува на оваа тема, затоа што лично прво нас како пратеници ни се смачи оваа атмосфера, а камоли на граѓаните кои не гледаат и слушаат. Јас би сакал да кажам нешто во смисла на она што се случуваше за време на локалните избори, но не би сакал да спомнувам ни настаните како се одвивале, ниту за некои повредени или за некои тепања, затоа што сепак доаѓам од Прилеп, каде во глобала изборите поминаа мирно. Би сакал да се осврнам на некои глобални аспекти.

Факт е дека власта во Република Македонија објави локални избори. Но што ни се случи? Нам ни се случи се, само не ни се случија локални избори. Зошто ова го велам? Ако можеме да кажеме дека во Република Македонија кај граѓаните, со самиот факт дека демократскиот развој на Република Македонија не е толку долг, туку некаде околу 10 години и ако можеме да констатираме дека кај граѓаните може би се уште не преовладува некоја висока демократска свест, па од тој аспект можеби е нормално да се мешаат одредени работи, да речеме, кога станува збор за локални избори, кога станува збор за парламентарни избори, за претседателски избори, во никој случај не можеме да си дозволиме таквото мешање на работите да го прават политичките субјекти. За локалните избори 2000 година, токму тоа ни се случи. Буквално секоја година во Република Македонија, ако искрено ме прашате јас и незнам какви избори имаме, дали се тоа парламентарни, дали се локални или претседателски. Сите кампањи на сите избори се сведуваат на едно исто, секогаш власта се руши, секогаш опозицијата се бори да дојде на власт, независно дали се тоа парламентарни избори, претседателски и слично. По правило, секогаш се повторува истото. Оној кој губи нормално има право и да се лути, но кај нас лутењето се сведува секогаш на еден заклучок: изборите се нелегитимни, недемократски и нефер.

Ако го гледаме однесувањето на политичките партии, особено на политичките субјекти, двата доминантни, ќе видиме дека овие избори токму наликуваа најмалку на парламентарни избори и тие фактички отпочнаа некаде во мај месец, уште пред да бидат објавени локалните избори. Значи, политичкиот субјект, односно здружената опозиција по се изгледа нестрплива да дојде до власт, го објави сама изборниот процес, најавувајќи предвремени избори, па кога

дојде терминот за локални избори одеднаш распишаа референдум, мислам самите распишаа референдум, за да самиот тек на локалните избори се сфати како одредено изјаснување на граѓаните по пат на тој референдум и благодарение на гласовите какви што би биле, врз основа на нив да се спроведат предвремени избори. Меѓутоа, заборава еден факт. Ајде да речеме дека ваквото барање го имавме ние, сегашната позиција, која седум или осум години беше опозиција, а само две години сме позиција, па ајде да констатираме дека можеби од незнаење сме направиле таков превид. Сепак, еден политички субјект кој осум години владееше, не само што владееше туку и ги донесуваше законите, и особено оние закони од изборниот процес, значи ги донесе Законите за изборите, вклучувајќи го и Законот за референдум па не ги знае, односно да не ги разликува термините Референдум, парламентарни избори, предвремени избори итн. Тоа да го направевме ние некако и да се сфати, но да го направи СДСМ за мене тоа е несфатливо, затоа што е многу јасна законската регулатива. Кога зборувам од правен аспект.

Сите ние кажавме овде и претходните дискутанти дискутираа дека, локалните избори во секој случај поминаа со голема доза на насилство и со една недемократска слика. Но од многумина што дискутираа, јас не слушнав кои се причините за тоа. Обично секогаш се обвинува едниот или другиот, ако се дискутанти на опозицијата виновни сме ние позицијата, ако настапуваме ние како позиција од оваа говорница ја обвинуваме опозицијата. Но јас би сакал пред вас да искажам една моја анализа како јас ја гледам таа работа и кои би биле според мене причините за она што се случи.

Првиот факт веднаш го напоменав и во самото кажување, а тоа е што самите граѓани со начинот на кој почна кампањата и на кој се одвиваа изборите ги доведовме во една страотна заблуда и фактички самите не знаеја за што гласаа и за кого гласаа. Тоа беше една од причините и поводите, за да се јави како втор аргумент достоинството, моралот и политичката култура на самите субјекти. За време на одвивањето на овие избори навистина видовме се, само не една политичка култура. Како политички субјекти се сведовме, кога го зборувам ова го зборувам особено за опозицијата, на многу ниски гранки. Се користеа секакви можни атрибути, со секакви погрдни зборови да се напаѓа позицијата, да се обвинува и за тоа што е виновна, па и за тоа што не е виновна, за да се користат на крајот зборови од аспект на политичар, кој според мене можеби и не е дораснат. Замислете, лидер на една најголема опозициона партија, на СДСМ, кој беше прогласен како лидер на здружената опозиција да користи жаргон и изрази како што ги користеше на митинзите, во никој случај не може да го остави граѓанинот, односно народот да биде рамнодушен кон тоа. Така од негова уста, а човек кој се залагаше за демократизација, човек кој седум години не претставуваше пред меѓународните субјекти, кој за нас како тогашна опозиција велеше дека сме улични демократи, немаме политичка култура итн., а сега да ги употребува зборовите што ги изнакажа на митинзите и на тој начин да смета дека сето тоа така мирно ќе го прими граѓанинот или политичкиот противник мислам дека е во голема заблуда. Јас лично сум разочаран од еден претходен екс премиер и сегашен лидер на најголемата опозициона партија да ги слушнам зборовите како што ги кажа. Да кажеме ДПМНЕ, дури не не вика со името кое ни е статутарно ВМРО-ДПМНЕ, туку не вика ДПМНЕ "се распаѓа по сите можни шавови, пукаат шавовите на ДПМНЕ", "на крајот Љубчо Георгиевски ќе заврши со Снежана и "седумте џуџиња". Дали тоа доликува да го каже еден лидер на една најголема опозициона партија, човек кој седум осум години ја креираше политиката на оваа држава. Јас мислам дека тоа е под секое можно достоинство.

Кога зборуваме зошто ни се случува атмосфера која над владеа на овие избори, земете ги само поводите од вакви дискусии. Еве и ние како пратеници овде може би сакаме да наметнеме еден дух на смирувачки тон, но за жал гледате што се случува, колегата од Прилеп со кого добро живеам ме нарекува "болен" и незнам како и после кажете за кои аспекти, како ние можеме да смириме некоја состојба кога лично и директно се навредуваме и напаѓаме.

Јас ја сфаќам политиката како политичка борба и политичка свест, навистина да развиваат политичка борба и на тој начин, преку пренесување на своите политички програми и ставови, да делуваат кај граѓанинот слободно да се определи. Но никако не можам да сфатам да се користат сите можни средства, дури

со директни навреди да се добие да се оствари целта. Тоа прв го почна лидерот на опозицијата и да не речам после заедно со него и сите други.

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ:** (Продолжение)

Трета работа, со самиот аспект, самиот начин на кој што се наметка една вештачка борба, поточно на тоа што веќе не се гледаше на локални избори, бидејќи јас од опозицијата, здружената опозиција не слушнав, барем онаму каде што јас присуствував не слушнав некоја програма за локални избори, не слушнав некоја идеологија за решавање на тие проблеми, туку цело време слушав што направила Владата, што не направила, таа е корумпирана, таа е ваква, таа е таква, таа треба да си оди, а ние треба да дојдеме на нејзино место и сето она другото што ние сме го правеле како вас, одеднаш се заборави, се амнестира и ние сме единствениот спас за Република Македонија. Мислам дека така беше во глобала. Во целата работа се наметна една трка, по така поставените работи кај граѓаните се направи натпревар, што повеќе гласови за да врз основа на тие гласови здружената опозиција прогласи успешен референдум. Тоа го видовме и од нивното лицемерно издание на подпаролот на здружената опозиција кога го кажуваше во проценти од 103 кома незнам колку итн. Целта беше да се создаде една вештачка клима, да се создаде атмосфера дека толкаво е незадоволството кај народот од оваа власт што фактички нас не ни требаат локални избори, туку ни требаат предвремени избори, предвремени парламентарни избори, а тие се решение за сето она другото. Меѓутоа, колегата Никола Поповски во своето уводно излагање го кажа можеби вистинскиот збор, го кажа токму она, ќе го цитирам дека граѓаните на Република Македонија заслужуваат подобар однос од нас. Мислам дека така го кажа. И јас навистина велам дека токму така заслужуваат подобар однос. Од тој аспект г-дине Поповски навистина некоректно самите граѓани да ги доведуваме во заблуда да не им прикажуваме за што всушност тие гласаат, за кого се изјаснуваат, дали за оној кандидат кој е градоначалник, дали за советничката листа, или гласаат против Љупчо Георгиевски и неговата влада или пак гласаат за Бранко Црвенковски како премиер на идната влада. Во тој однос навистина граѓаните не заслужуваат таков однос од нас, нормално не заслужуваат ни ваков како што се случи на локалните избори со насилство што е за секој осуда.

Како четврт аргумент се спомнува во дискусиите на опозицијата дека главниот товар на вината е во Владата за сето она што се случи на локалните избори. Точно е тоа дека голем дел од вината сноси Владата со оглед на тоа што како Влада таа е одговорна да спроведе демократски и фер избори, но многумина овде го кажаа истото и јас ќе го повторам истото, сепак и за кавга и за слога потребни се двајца. Прифаќам критика Владата да се критикува дали ги спровела изборите фер и демократски, а од друга страна пак да нема самокритика. Можеби само г-динот Нано Ружин нешто искажа во неговата дискусија една доза на самокритика, затоа што еден дел од вината сепак сноси и опозицијата. Поттикнат токму од она што претходно го кажав како е спроведена кампањата, која беше целта на кампањата, нормално дека опозицијата не можеше да бира средства, едноставно ги употреби сите средства на располагање за да оствари што поголема бројка. И затоа во редовите на избирачките места се гледаа многу активности и рекетари, незнам како да ги наречеме кои се шетаа од место во место, од Кочани во Охрид, од Прилеп во Охрид, од незнам каде се со цел да се направи една тензија за да се спроведе она што е замислено. Сега дали Владата си ја работела својата работа мислам дека тоа ги покажуваат информациите што ги добивме овде од јавното обвинителство и од МВР, бидејќи во дадените ситуации во една нормална правна држава што друго и може Владата да презема освен да ги гони сите оние сторители на ваквите инкриминации, нормално по слово на закон и да ги казнува. Јас се залагам сите оние што се обвинети, или допрва ќе бидат обвинети навистина да се применат позитивните законски прописи и сите да одговараат пред законот, пред судот и да одговараат таму каде што треба. Меѓутоа, се поставува прашањето дали само на тој начин користејќи ги инструментите на Владата преку јавното обвинителство и судските органи, истражните органи итн., можеме да го спречиме ова што сега ни се случува, односно ова насилство кое се појави. Јас ви велам тешко, дека само ако го оставиме тоа да го решава обвинителството и извршните органи дека тешко ќе дојдеме до помирување на страстите, односно до регулирање на една мирна атмосфера за наредните избори. Сепак, вината треба да ја погледаме сами во своите очи, односно во политичките субјекти. И можеби единственото решение, можеби единствениот излез се гледа токму во она што и господинот Никола Поповски го прокламира во својата колумна, значи со

една смирувачка атмосфера, со седнување меѓу најеминентните личности во Република Македонија, а тоа се лидерите на најголемите партии, па пред да почнат изборите да седнат како што вели Поповски на едно кафе и да ги отворат проблемите и најдемократски, најотворено да разговараат. Се додека тие се гледаат еден спрема друг со доза на непријателство се дотогаш ќе бидат потпалувани страстите и кај граѓаните, а и кај членовите на партиите. Во тој контекст покрај институциите на власта која ги има, сепак сите треба да смогнеме сили здружено да помогнеме на некој начин во иднина да не се случуваат вакви работи, а тоа е преку дијалог и разговор. Тука нема ништо страшно и нема ништо чудно. Инаку, власта е слатка, нормално и тој што е на власт не му се дава фотелјата, ниту пак оној што е опозиција му се чека цели четири години, или повеќе и нормално е да се користат сите битки тој процес или да се прекине, или да продолжи. Но, сепак таа битка, да речам битка условно би била добра кога би се одвивала само со демократски средства, а не со некои други средства како што можеме да ги видиме на политичката сцена.

Јас по однос на виновниците, читајќи ги и слушајќи ги колегите овде се искажаа доста конкретни случаи како во Охрид итн., не би сакал да дискутирам, бидејќи сметам дека за тоа и не е мое место. Ние овде сепак зборуваме за некаква политичка одговорност, а крајниот збор по однос на одговорноста, ќе си го кажат оние кои се надлежни за тоа, тоа се судските органи. Можеби друга работа која што би придонела за во иднина да имаме по демократски, по фер избори е нешто што токму и Гештаковски зборуваше, а тоа е, ние пратениците овде треба добро да размислиме со која законска регулатива моментално по однос на изборите и располагаме. Дали и покрај овие работи кои што ги насочив, значи политичката култура, битката помеѓу политички субјекти, институциите на системот, дали не треба да се размисли дека и законската регулатива е таква што придонесува во најголем дел да се прават или фалсификати, или доаѓа до насилство. Наша основна задача би била токму тука, еве заложба и до сите вас на тој начин да придонесеме да изградиме една подобра законска регулатива како во иднина не би имале вакви работи, не би ни се повторувале. Тоа би било по однос на локалните избори што би сакал да кажам. Морам да кажам искрено дека голем дел од дискусијата скратив за да го запазам времето.

Би сакал да кажам само неколку збора на г-динот Мирчевски кој ни е нормално земјак, доаѓаме од ист град, по однос на неговото заминување или преминување во друга политичка партија и она што се случуваше по однос на информацијата која е доставена до нас пратениците. Јас морам да кажам на почетокот дека прво од почеток и сега секое можно насилство, дали е тоа насилство спроведено на начин како што се одвиваше на локалните избори, или е тоа насилство како што се одвиваше пред домовите на пратениците, јас лично го осудувам. И никогаш не сум се залагал, ниту поборник на таквите работи, значи ниту сум учествувал, ниту сум организирал и можам одговорно да кажам дека ниту тоа го организирал општинскиот комитет во Прилеп, она колку што јас знам. Инаку, по однос на причините г-дине Мирчевски јас мислам дека не би навлегувал за вашите причини, ваше демократско право е да си размислувате како сакате. На крајот на краиштата времето цени се, тоа кажува кој е во право, кој не е. Јас можам само да кажам една работа она како јас гледам. Мене ми се чини дека сепак требаше малку да се поведе сметка на моралниот аспект, а тоа е со оглед што вие како личност имавте авторитет, имавте долг стаж во ВМРО-ДПМНЕ од 1990 година, за вас и на избори за совет и на парламентарни, вие бевте кандидат за пратеник во 1994 година и за 1998 година за вас вложи труд огромно членство на ВМРО-ДПМНЕ, кое ве поддржуваше во секој поглед. Истрча многу, како за вас, така и за мене и благодарение на тоа ние станавме пратеници. Јас секогаш тврдам најодговорно, за мене не гласаше никој во Прилеп, затоа што јас сум Жарко Караџоски, туку гласаше затоа што бев кандидат на ВМРО-ДПМНЕ. Сега поаѓам од себе, јас како размислувам, во моменти кога од незнам кои причини, или било кои причини, вие си ги знаете, значи ако дојде момент таков каков што дошол кај вас да не се сложувам со идеите на оваа партија, или со нејзината програма, или како што велите вие отстапувањето од програмата морално би било по мене едноставно да си дадам оставка и да си заминам од политичкиот живот, барем јас така гледам, или крајна солуција би била, независен пратеник. Меѓутоа, верувајте дека тежината на вашата одлука со преминување во друга партија е многу поголема. И нормално дека една таква одлука, пред се носи голема одговорност и таквата одлука

особено кога тоа се случува во редовите на ВМРО ДПМНЕ, една голема политичка партија знаете со каква структура не може да помине без некоја да не речам некој револт, или некој искажен протест. Меѓутоа, јас пак ќе кажам, доколку протестот беше во рамките на демократски протест, јас би го оправдал. Но, се она што преминуваа од границите на еден демократски процес со искажување на негодување, или зема атрибути на насилство и сила, тоа навистина е за секаква осуда. Јас толку би имал она што вас ве интересира. Само да кажам, јас незнам дали вие сте биле спречени во Домот на културата да одржите конвенција, јас лично не бев на таа конвенција, гледав само на телевизија и видов дека таму имаше доста народ, вие си ги кажавте вашите програмски определби и ставови и причините поради кои што преминавте во другата партија. За тоа другото незнам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Да ги соопштам, јас го прашав Жарко дали ќе говори, или ќе прекине, тој заврши точно на време кога завршува и договорено работно време.

Господа, покрај ова ние имаме и една претходна седница, се договоривме со координаторите дека ако дојде време Законот за одбрана, дека треба да има предност, а тоа го има, да се договориме утре да одредиме два часа за работа на тој текст и да продолжиме потоа по оваа седница.

Ќе продолжиме со работа утре со почеток во 11,00 часот.

(Седницата прекина во 18,00 часот).